## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 22 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ја отворам 39-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Тетута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Владанка Авировиќ, Ванчо Коцев, Фијат Цановски, Лазар Китановски, Мирјана Секуловска, Благој Зашов, Љубчо Герогиевски Слободан Најдовски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубиша Георгиевски, Иван Стоиљковиќ, Весна Бендевска, и Радмила Шеќеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме присутниот број на пратеници во салата.

Ги молам службите да ми доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на пратеници во салата, по што во салата влегуваат и други пратеници).

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат за да продолжиме со работа.

Ги молам службите да известат за точниот број на пратеници во салата.

(Службите известуваат за точниот број на пратеници во салата).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Бидејќи на седницата присуствуваат 61 пратеник, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

За денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за основање на факултет за администрација и менаџмент на информациски системи во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, гласале 55. За гласале 54, воздржано еден, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за високото образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точката 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за образование и наука, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитувани пратеници,

Пред вас имате Предлог за изменување на Законот за високо образование со Предлог на закон.

Со измените на Законот, во делот на еквиваленцијата и признавањето на странски високообразовни квалификации беше неопходно да се изврши имплементација на меѓународните прописи од оваа област, кои во поранешниот текст беа само делумно имплементирани. Тоа се:

1. Лисабонската конвенција за признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство, од 1997 година;

2. Препорака за Критериуми и Процедура за оценување на странски квалификации од 2001 година;

3. Правилата за Добрата Практика од 2001 година и

4. Медитеранска конвенција за признавање на студии, дипломи и степени.

Имплементацијата на одредбите и интенцијата на Болонската декларација, потпишана во 2003 година, како и секундарните документи донесени по Декларацијата, особено беше неопходна. Особено ја потенцираме имплементацијата на:

- Европскиот кредит трансфер систем, односно признавање на високообразовни квалификации преку ЕКТС (Еуропеан Цредит Трансфер Сстем)

- Дополнителна диплома (Диплома Супплемент)

- Европската рамка на квалификации (Еуропеан Љуалифицатион Фраменњорк).

- Резултатите (последиците) од учењето, студиите и признавање на странски

високообразовни квалификации согласно овој аспект, независно или помалку зависно од должината на студиите, проценувајќи ги повеќе стекнатите компетенции, способности и знаењето, наспротив видот на образовниот процес, формален или неформален.

- Практика во поранешно решените случаи, со цел да се запази конзистентност во постапката

- Имплементација на еквифаленција и признавање на заедничките степени стекнати во странство како и претходно стекнатото искуство

(јоинт дегреес/рецогнитион оф приор леарнинг).

Во областа на еквиваленцијата и признавањето особен проблем беше запапзувањето на роковите пропишани во Меѓународните документи како и со Законот за високото образование. Некои високо образовни институции не ги запазуваа роковите на постапките, па се оддолговлечуваат понекогаш или предметите воопшто понатаму не беа решавани.

Со предвидените измени се предвидуваат пократки рокови кои, доколку не бидат запазени, предвидени се соодветни мерки, односно донесување одлука за еквиваленција и признавање.

Предвидено е и парцијално и условно признавање.

Непризнавањето може да се должи само на битно отстапување или разлики во:

Содржината, профилот, програмата или институцијата како и последиците од учењето.

Должината на образованието би се замала како индикатор за достигнатиот степен на крајот од програмата за стекнување а одредена квалификација, што треба да е дел од Националната рамка на високообразованите квалификации, усогласена со Европската рамка на квалификациите и трициклично студирање предвидено со Болоњската декларација, односно создавање на Европска високо образовна област (Еуропеан Хигхер Едуцатион Ареа - ЕХЕА). Македонскикот високо образовен систем, преку делот на признавањето, на овој начин станува дел од таа област.

Очекуваните позитивни резултати со измените би биле следни:

Скратување на времето на постапката за еквифаленција и признавање на странски високо образовни квалификации во отсуство на битни разлики во горе споменатите елементи;

Посебно скратување на постапката кога постои билатерална спогодба, како и за врвните 500-те универзитети рангирани по најатрактивни светски ранглисти;

Зголемување на мобилноста (Болоњски аспект со флексибилно и побрзо решавање на признавањето странски квалификации, мобилноста во академски цели се зголемува;

Намалување на феноменот на одлив на мозоци и пресврт во смисла на користење на истите во професионални и академски цели;

Со измените во делот на надлежноста, потполна евиденција на еквифаленцијата и признавањето на странски високо образовни дипломи и квалификации, а со тоа и расположивите кадри од различни странски високо образовни профили и системи.

Потполна проверка на автентичноста на странските високо образовни документи и носителите на истите, што ја спроведува Министерството за образование и наука.

Со измените на законот се обезбедува стручноста и компетентноста, со тоа што за секоја област ќе се формира комисија од пет члена, од кои три се универзитетски професори. Тоа значи од областа на медицинските науки во Комисијата ќе се изберат три професори од Медицинскиот факултет, за земјоделските науки три професори од Земјоделскиот факултет итн., тоа значи ќе има онолку комисии колку ќе има области.

Понатаму, нема да се чека потврда од странскиот унвиерзитет за автентичност на издадената диплома, туку дипломата ќе се издава, а ние постапката си ја водиме. Бараме проверка. Доколку сигне позитивна потврда, што е најчест случај, тогаш предметот се затвара. Ако случајно стигне негативна потврда за тоа дека таква диплома е издадена на тој универзитет, тогаш едноставно предметот го предаваме на Министерство за внатрешни работи. На тој начин ја проверуваме автентичноста на дипломата, ја запазуваме стручноста и компетентноста, а нострификацијата ја вршиме во многу краток рок, односно осум дека или 20 дена како што е предложено во Законот.

Бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме на истата седница да се претресе и Предлогот на закон, односно законот да се донесе во скратена постапка.

Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам господине заменик министре.

Има збор госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Колешки и колеги пратеници, почитуван заменик министре,

Во јавноста веќе подолго време се зборува за проблемот околу признавање на дипломите стекнати на светските универзитети. За многу млади луѓе во Македонија е предизвик да се запишат на едни од овие познати универзитети во светот. На еден добар дел од нив, Владата, дури им обезбедува стипендии и ги обврзува да се вратат во Република Македонија по нивното завршување. Меѓутоа, најголемиот апсурд со кој што ќе се соочат кога ќе се вратат во Република Македонија е фактот дека не можат да добијат никаква верификација за нивните дипломи.

Република Македонија, дури и во оној дел кога го стипендира нивното усовршување во странство не им ги признава нивните дипломи. Тоа понекогаш тае со месеци, понекогаш трае со години, а некогаш и воопшто не завршува.

Токму заради тоа ние се соочуваме со фактот еден добар дел на млади образовани кадри кои се неопходни за Република Македонија, да не се ни обидуваат да го почнат процесот на признавање на нивните дипломи.

Свесни заради овој проблем, а имајќи предвид дека и покрај нашите настојувања веќе неколку месеци не доаѓа во процедура Законот за високо образование, вие знаете дека пратеници од СДС предложија измени во Законот за високо образование кои се однесуваат токму на овој дел, на признавање на дипломите стекнати во странство. Меѓутоа, Владата на Република Македонија немаше доставено мислење по овој закон. На Комисијата што беше одржана на 28 март, Комисијата за образование наук и спорт, заменик министерот за образование кој беше присутен ни соопшти усно дека за две недели се очекува Законот за високо образование да влезе во процедура, па најверојатно поради тоа нема мислење. Меѓутоа, ние сепак сметавме дека оваа точка треба да биде приоритетна и на седницата на 2 април баравме од 22 точка да биде ставена седма точка на дневниот ред, заради тоа што сметаме дека е тоа итно прашање што треба брзо да се реши.

За жал, пратениците од Парламентарното мнозинство тогаш немаа осет дека е тоа прашање што треба брзо и итно да се реши, туку напротив дадоа предност на веронауката, како за нив по приоритетно и поважно прашање.

Меѓутоа, какво изненадување, за две недели од 28 март, наместо да добиеме нов закон за високо образование, ние добивме измени во Законот за високо образование, во делот што ја опфаќа нострификацијата, односно признавањето на дипломите стекнати во странство, меѓутоа овој пат предложен од Владата.

Јас се прашувам која е причината за ваквото однесување? Факт е дека, затечени од предлогот на пратеничката група на СДС, со измените во Законот за високото образование, сме извршиле притисок, меѓутоа, од необјасниви причини, за Владата беше неприфатливо да се дискутира за закон што е предложен од опозицијата и на една од нивните долготрајни седници, наместо да дадат мислење за нашиот закон, се одлучиле да дадат измени на Законот за високо образование, овој што е денеска на дневен ред, само со цел тоа да не биде ни како предлог на опозицијата, туку да биде предлог на Владата.

Меѓутоа, тоа што е интересно е каква порака праќа Владата со ваквиот потег? Со ваквото однесување, Владата, а тука не можам да го изземам и парламентрното мнозинство, праќа порака дека опозицијата има право да гласа, право и обврска да обезбедува кворум и да гласа за сите закони предложени од Владата. Опозицијата нема право да предлага законски решенија, затоа што и да предложи, Владата нема да ги разгледа, нема да даде мислење. А, потоа, многу скоро, по итна постапка ќе ви предложи како свои, само за да не дозволи опозицијата да има позитивни предлози.

Владата праќа порака дека Парламентот постои само за да ги гласа законите и предлозите на Владата. Секоја иницијатива на пратениците е строго забранета. Пратениците имаат право да молчат. А, доколку се јават за збор мора да потенцираат колку многу работи Владата и за што се залага. А, ако не го направат тоа, тогаш се кочничари на реформите.

Ако е ова начинот на кој што функционира Владата и ако е ова начин на кој што ние вршиме притисок на Владата да реагира на итни прашања од интерес на граѓаните, тогаш кажете дека е тоа теркот, ние ќе ги предлагаме сите закони, дури и оние кои се обврска за нас, да станеме побрзо членка на Европска унија, ние ќе го направиме тоа. И, за разлика од Парламентарното мнозинство и од Владата, кај нас нема суета, ние не го сфаќаме парламентарниот дијалог како детска игра.

Нам не ни е важно кој каков закон предложил, нам ни е важно дали некое решение е добро, или не и дали оди во прилог на решавање на проблемите на граѓаните. Затоа и покрај тоа што лично сметам дека рокот од осум дена и процедурата која што ја предлага Владата во оваа постапка само ќе не стави во опозиција овој пат Министерството за образование и наука да продуцира фалсификувани дипломи и во суштина ја дислоцира одговорноста кон Министерството за внатрешни работи за и по истекот на осум дена, ако се утврди дека се работи за фалсификат, да ја започне процедурата. Значи и покрај сите забелешки сметаме дека е подобро да се поддржи овој Предлог закон заради тоа што на таков начин многу побрзо ќе излеземе во пресрет на сите оние млади луѓе кои со нетрпение очекуваат признавање и верификација на своите дипломи стекнати во странство и со нетрпение очекуваат Република Македонија да им го признае трудот, да го валоризира нивниот труд и да го употреби нивниот труд за развој на сопствената татковина.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Ќе се обидам во кратки црти да ги презентирам моите забелешки по однос на доставениот Предлог закон за изменување на Законот за високо образование. Значи, на почетокот да изразам задоволство што вроди со плод нашиот притисок кој што го направивме преку поднесување на закон за високо образование во делот на нострификација на дипломите. Бидејќи еден подолг временски период откако оваа Влада е конституирана преку пратенички

прашања, или други форми постојано инсистиравме Законот за високо образование кој што е од суштинско значење за реформите во високото образование да се најде на дебата пред овој собраниски дом. Упорно наидувавме на ѕид на молчење. Поднесовме закон во делот на нострификација на дипломите и имајќи ги предвид ургентноста на проблематиката, она кое што и заменик министерот и на Комисија и сега го образложи. Значи, евидентно е дека требаше час поскоро да се интервенира во законска форма за да се спречат проблемите на кои што наидуваат македонските граѓани кои што се школувале во странство. Поаѓајќи од тие мотиви, значи ние направивме еден Предлог на закон кој што собранискиот дом, раководството на Собранието ценеше дали директно под влијание, или индиректно дека не е толку ургентно и ја стави 22-ра точка на дневен ред на 36-та седница. Поднесовме решение за кое што мислиме дека навистина е квалитетно бидејќи во тоа решение се сублимирани сите активности на експертите странски и домашни кои што работеа на Законот за високо образование безмалку во изминатите 4 години. Но, еве, повторно да кажам дека сме задоволни што вроди со плод тој притисок. Владата оцени дека навистина е приоритетно да се регулира оваа материја за да се избегнат проблемите и излезе со свој Предлог на закон. На почетокот да кажам дека ние даваме поддршка за овој закон, бидејќи ја регулира оваа материја, конечно се избегнуваат проблемите. Но, тоа не значи дека нема да критикуваме, бидејќи сметаме дека предложеното решение има неколку недоречености кои што можат да предизвикаат дополнителни проблеми и недоразбирања и онаа главна интенција на Владата за да се зголеми ефикасноста во процесот на нострификација на дипломите нема до крај да вроди со плод. Овие мои тврдења ќе ги образложам преку следните елабораации на законското решение дадено во текстот.

Во членот 2, бришете поголем број на членови кои што ја третираа проблематикат на процесот на признавање, или еквиваленција на дипломи стекнати во странство, меѓу кои што потенцирам, членот 168-б кој што се однесува за земји со кои што Република Македонија потпишала билатерална спогодба со која што постапката за нострификација, или признавање на еквиваленција на дипломата стекната во странство е поинаква во однос на другите земји. И таму имаме, иако постапката е многу побрза, не се чека многу, таму има ред на проблеми кои што сте ги пренебрегнале, бидејќи сте ги ставиле под ист кош во иста методологија на уредување на овој процес во членот 4 со кој што се регулира членот 180. Мислам дека ќе има дополнителни проблеми, бидејќи во натамошниот текст на законот не се прави двојба помеѓу постапката со земји со кои што имаме билатерална спогодба и со земји со кои што немаме билатерална спогодба, кои што се далеку поголем број. И таму беа главните проблеми на слабата неефикасност.

Во членот 3, членот 179 став 1 се менува и гласи, значи за признавање и еквиваленција на странските дипломи. Значи, ако се гледа со постоечкиот член, ќе се види дека се додава само еквиваленцијата која што пак со бришење на претходните членови не е дефинирана. Ве молам тоа да го проверите како поим, бидејќи се брише членот 166 каде што на почетокот се дефинира самиот процес, самата постапка.

Членот 4 кој што за мене е суштината на дефинирање на процесот. Дозволете неколку суштински коментари и прашања кои што навистина ја доведуваат заложбата на Министерството за образование и наука, односно на Владата да се регулира оваа проблематика.

Значи, заменик министерот образложи повеќе отколку што пишува во текстот. И тоа е мојата главна замерка и за претходните закони бидејќи образложението не стои во текстот и не може да се подразбира, бидејќи текстот ќе го чита и ќе го имплементира оној кој што не знаел во образложението какви се задните намери на предлагачот, односно на собранискиот дом, законодавецот. Или да бидам попрецизен, сте напишале: министерот надлежен за работите на образованието формира комисија по одделни подрачја и области составени од пет члена од кои три се универзитетски професори од соодветната област, а два члена се стручни лица од органот надлежен за високото образование.

Прво, кои се тие одделни подрачја и области? Вие почитуван заменик министер дефиниравте, значи од областа на земјоделските науки, од областа на техничките науки итн. Но, мора да се дефинира дали тие области се дефинирани во некој друг член на Законот за високо образование по кој што се избираат во наставни звања професорите. Во Законот од 2000 година во првата верзија е дефинирано дека мора високо образовните институции да го променат начинот на избор во звања по области и полиња, а не по предмети и уште се работи и уште се прави и покрај поголемиот број на укажувања кои што Министерството перманентно ги испраќа до високо образовните институции. Значи, проблематични се и во Законот добро стои, дека секоја високо образовна институција треба да си донесе анекс на својот статут во кој што ќе се дефинираат одделни подрачја и области. Уште повеќе беше финансиран еден темпус проект кој што потоа резултатите на тој темпус проект со дефинирани области и полиња научни беа публикувани како книшка од страна на Министерството во 2000, 2001 година која што ќе служеше да им помогне на високо образовните институции да ги дефинираат областите и научните полиња.

Значи, јас сугерирам дека мора да се дефинираат кои области и полиња. Понатаму, почитуван заменик министер, вие кажавте пет члена од кои три се универзитетски професори и

двајца се од администрацијата. Зошто не се од редот на редовни професори? Ако веќе ја избегнувате високо образованата институција во секаква форма ги исфрлате факултетите од процесот на нострификација, тогаш за да дадете значење на самиот процес мора да стои, редовни професори од таа област. Да ви цитирам од претходното законско решение: член 168-а кој што го бришете, вели: "доколку во Република Македонија, значи не постои високо образовна установа најблиска до наставно-научната област за признавање на странската диплома", како што сега впрочем правите за сите, кажуваме дека не постои таква високо образовна институција. Вели, министерот формира стручна комисија од тројца редовни професори од Република Македонија и странство која постапува согласно член 168 од овој закон. Значи досега постоеше форма да министерот може да формира таква комисија доколку не постоеше таква сродна област во Република Македонија. Сега постапувате директно, значи на тој начин јас мислам дека треба заради потписот што ќе се даде за нострификација, да има поголема тежина, да стои: редовни професори.

Наредно прашање, како ќе бидат формирани овие петчлени комисии, дали со мандат од страна на министерот, дали ќе имаат мандат тие комисии, колкав ќе биде тој мандат, по случај. Значи, министерот може со решение да состави комисија, ама дали мандатот на тоа ќе биде само за тој предмет, или група на предмети, дали месец, три месеци, година, четири години, колкав ќе биде мандатот на тие комисии по области и полиња? Понатаму, ако веќе инсистирате, значи главниот проблем кој што стално во јавноста злонамерно се поставува, верувам дека и овде, доколку постоеше поширока расправа ќе прашаа колеги зошто претходно не се направи ова. Вас ви е совршено јасно, бидејќи Законот за високо образование кога ќе се изгласа и стане облигаторен за три циклусниот систем според Болоња и кредит трансфер системот кој што сеуште не е завршен, а е директно поврзан со признавањето и еквиваленцијата.

Почитуван колега, јас мислам дека со ова законско решение исфрлањето на факултетите во оваа фаза, потполно исфрлање на факултетите во кое што ќе се доаѓа до прилика да се анализираат кредитите усвоени во странство, е лошо решение. И затоа ние во нашето законско решение за кое што не се откажуваме, ќе дискутираме и за него, ќе видиме, јас знам дека ова ќе се усвои, ама сакаме да кажеме какво решение ние нудиме и зошто тоа решение ќе ја зголеми ефикасноста и ќе го намали ризикот од фалсификат. Значи, на овој начин потполно се исфрлени факултетите од игра и тоа е лошо. Понатаму, оваа петчлена комисија, трите професори кој ќе ги кандидира, наставно-научните совети на факултети? Ќе постои листа на професори од која што ќе се бира, кој ќе ги бира? Министерот од таа листа ќе бира, значи потполно е недефинирано, а составувате комисија која што презема врз себе огромна одговорност. Бидејќи сега постојат такви комисии. Но, очите на јавноста на беа вперени во тие комисии, беа вперени во факултетите пред се и новинарите од време на време истражуваа и секогаш проблематизираа одредени случаи. А да не ве потсетувам само во мојата лична база на податоци колку сум имал фалсификати кои што биле спречени уште во процесот. Значи, не е проблем во тоа да се фалсификува диплома. Се фалсификуваат пари, се фалсификува најтешката за фалсификување банкнота доларот, или еврото, па нема да се фалсификува диплома од престижен универзитет, од Оксворд, или од Кембриџ. Значи, мандатот на комисијата, изборот на комисијата, членовите кој ги предлага, како ги предлага, како ќе работат, дали ќе имаат надокнада, или нема да имаат надокнада, кој ќе ја решава таа надокнада за нивниот труд, во законските решенија не е решено. Понатаму, клучниот момент во членот, значи вие предлагате во рок од 8 работни дена да се заврши постапката. Прашањето кое што му го поставивме на министерот на Комисија беше дали е возможно Информативниот центар кој што во наредниот член ќе ги врши административните работи, односно ќе врши проверка на идентитетот на лицето пред високо образованта институција, за да се спречи фалсификат на дипломата ќе може да одговори во тој рок. И вие одговоривте сега дека вас не ве ограничува тоа што можен е фалсификат, бидејќи си тече постапката и за тоа ќе биде надлежен МВР. Многу лошо решение. Бидејќи во наредниот пасус ќе видите дека Информативниот центар ќе биде доведен во многу непријатна ситуација. Предлагате за рангирање, значи за признавање на дипломите директно во рок од 8 дена три извори на рангирање на 500-те универзитети во светот. Ако добро ги погледнете трите извори, всушност се сведува на еден извор. Оваа енциклопедија која што ги опфаќа сите три извори, само се различно рангирани. И право да ви кажам три дена ги анализира податоците што ги дава оваа база и тие прво се менливи. Второ, зошто, значи тие пристапуваат кон универзален, имаат универзален пристап на првите 3000 универзитети во светот. Зошто не сте внесле така? Бидејќи ако ги внесете првите 500, знаете ли кои се? Од САД се 80%. Ако сакате ќе ви докажам на паузата, ќе видите дека практички на таква варијабилна датотека практично е невозможно да издвоите. Понатаму, ако влезете во таа база на податоци, сите си имаат свое рангирање, САД има свое рангирање, Европската унија има свое рангирање, има за Источна Европа, има за Бразил, Русија, Кина, Југоисточна Азија. Значи, ако во сите бази на податоци влезете и почнете да ги собирате сите тие ќе бидат повеќе од 500, а светското рангирање кои што тие го сублимирале, го направиле е до 3000. За тоа можеме заедно да се увериме.

Внимателно анализирав два дена што нуди овој веп саид, кој што вие го ставате во закон. Мислам дека ќе има големи недоразбирања.

Понатаму, ако Информативниот центар, односно службата по автоматизам, кога ќе се отвори предметот продолжува да го отвара идентитетот, а вие веќе сте ја издале дипломата, дали Информативниот центар сега го сигнализира проблемот до Министерството за внатрешни работи и дали Министерството за внатрешни работи соодветно ќе одговори.

Значи, односите, релациите и компетенциите, компетентноста која што се дава на Информативниот центар, а е разграничена во нашиот Предлог на закон, овде е дадена во членот 5, во кој што дополнително му ги врзувате разете.

Значи, почитувани колеги, првкот проблем зошто досега не се донесе ваков закон беше нефункционирање на кредиттрансфер системот во Република Македонија. Високообразовните институции од петни жили настојуваат да ги трансформираат своите студиски програми и да ги дефинираат кредитите, јас ви тврдам неуспешно, бидејќи во новото законско решение е дефинирано што значи кредити, кои што факултетите не ги применуваат сега по број на работни часови, од 1.500 до 1.800 работни часови, работа со еден студент, па разграничени итн. Тие ги врзуваат со фонд на часови и ги зголемуваат за еден и ги дефинираат 60 кредити по година, по Европскиот кредит систем. Значи, вториот клучен проблем зошто досега не беше ова регулирано со материја, а за почна да се регулира во 2005 година. Во предложеното законско решение е во членот 5, во кој што цитирам, сте напишале: “Информативниот центар за иквеваленција и признавање ИЦЕП го определува видот и степенот на странската високообразовна квалификација, споредувајќи ја со виокообразовни квалификации, кои се стекнуваат на високообразовните институции ви Република Македонија, а земајќи ја предвид националната рамка на квалификации. Таква не постои сега.

Клучниот проблем на Република Македонија е што сеуште не може да ја додефинира националната рамка на квалификации. Проблем што постојат работни групи кои што работат на тоа, но зошто не може да се заврши работата, бидејќи и Европа го има истиот проблем. И на наредната министерска конференција тоа започна во Бергенд да се дискутира. Значи, согласно со Лисабонската конвенција дадена е обврска секоја земја да започне со градење на национална рамка. Ние започнавме, постојат рабортни групи, чии што раце се врзани, бидејќи не можат да направат усогласување со Европската легислатива и сега е сведено на значи, службениците во Министерството имавме презентација на компаративна анализа со националните рамки на квалификации на другите европски држави. Имате голема шареноликост. На пример во Германија има три класери, а во Англија имате 12. Значи, сеуште европскиот простор не е унифициран во тој дел и ние сега бевме во дилема како држава, дали да изградиме врз база на ЈУС националната рамка на квалификации, старата, која што постоеше, или да започнеме со благо усогласување со поголемиот дел на европските држави. И тоа се работи. Но сега, почитуван колега, вие кажувате во членот 6, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија “. Ќе почне значи по ново да се нострифицираат дипломи. Каква споредба ќе прави Информативниот центар на непостоечка национална рамка на квалификации. И уште повеќе проблемот е посложен. Вели, го определуваат видот и степенот на странската високообразовна квалификација, споредувајќи ја со високообразовните квалификации, кои се стекнуваат на високообразовните институции во Република Македонија. Значи, треба пред себе да го имаат регистарот на сите високообразовни институции, кои што ги дефинирале своите студиски програми. А тој не е дозавршен, бидејќи постојано во ингеренциите на Универзитетот е да внесува нови студиски програми, а не во игеренциите на Министерството. Јас знам дека сум опширен, можеби и досаден за некој, ама ова е проблем, со кој што дополнително ќе се судрат кандидатите за нострификација на дипломи, или вие бегло ќе си преминувате преку се и ќе се нострифицира се живо и диво, што ќе стигне во Министерството и ќе имаме едно море на афери, бидејќи новинарите едвај чекаат такво нешто. Тогаш Информативниот центар ќе го внесете во многу непријатна ситуација. Тие треба да работат во ЕНИК- мрежата која строго има соодветна процедура и е овластен само еден за пристап во ЕНИК-мрежата, Надежда Узелац , што е проблематично исто така, бидејќи треба повеќе овластени лица да има во пристап на ЕНИК-мрежата за побрзо проверување на тие база на податоци. Тогаш тие луѓе ќе се утепаат од работа таму и во постојан страв ќе бидат дека врз себе преземаат огромна одговорност да пребаруваат во тие 500, а дали ќе ги погодат тие високообразовни институции и постојано колега ќе доаѓаат кај вас да се консултираат за секој случај, за секој проблем, бидејќи им е страв дека ќе одговараат кривично, ако погрешат, бидејќи страстите се толку зовриени што сега кандидатите ќе почнат да ги тужат, бидејќи им давате одредени ингеренции и компетенции, бидејќи досега факултетите ги обавуваа. Затоа , нашето решение е подобро. Ние сведувавме факултетот да изврши проверка до еден месец и да ја преземе врз себе одговорноста. Вака, одговорноста ја префлувате на службениците. Ви кажувам, базата на податоци не е до крај добро дефинирана. Идејата е добра , се согласувам. Само за да го избегнете тоа , би требало да го проширите опсегот. Таму енциклопедијата нуди до 3.000 универзитети. Проверете, сите ги сублимираат оние подкластери што ги нуди

енциклопедијата. Проверете го тоа. Не е доволно проверено.

Значи, да завршам, даваме поддршка дека треба да се регулира овој закон, само што концепцијата, или спроведување на идејата која што е добра, не е добро реализирана во законскиот текст и ќе предизвикува дополнителни проблеми. Затоа, јас како еден од предлагачите на законот другата верзија, јас сум свесен за неговата судбина, знам како ќе заврши. Знам дека мнозинството ќе го усвои овој закон. Тука не се работеше за суети. Ние предложивме решение кое што беше усогласено од делегацијата на експерти од Советот на Европа. Во тој дел имаше 15 верзии. Се чешлаше буква по буква, збор по збор, да не се погреши нешто.

Мислам дека во најдобра намера требало да се направи некој сублимат и еве, нека биде Министерството предлагач, нам тоа не ни смета. Не се откажуваме од правото, нашиот зкаон ќе го отвориме со содржина. Знаеме дека нема да го изгласате, бидејќи кога тогаш, 22-та точка на 36-та седница ќе дојде на дневен ред. Ќе дискутираме за тоа. Овој закон ќе биде на сила. Знам дека ќе биде на сила, но спремете се за афери. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грамитчиоски.

За збор се јави заменик министерот за образование и наука, повелете.

**Јован Лазаров:** Најпрво би сакал да се заблагодарам за поддршката. Сепак добивме генерална поддршка, мислам со добронамерни дискусии, со цел да се подобри овој закон и од ова што го чувме и од моето излагање, може да се види дека сепак се работи за една сложена материја, која на многу луѓе во Република Македонија, многу инжинери и лекари кои што завршуваат во странство им создава големи проблеми околу нострификацијата. Идејата е да се скрати тој процес. Се разбира, при тоа кратење може да има одредени проблеми, но ние не можеме да ги осомничиме сите кои доаѓаат да нострифицираат дипломи, затоа што евентуално некој ќе донесе фалсификувана диплома и неможеме да малтретираме илјадници луѓе, затоа Што меѓу 1.000 ќе се појави една диплома фалсификат. Сега да не прејудицираме колку. Затоа, ако некој влезе во криминални дејанија ќе одговара според законите на Република Македонија.

Околу законот за високо образование и министерот во Собранието кажа дека се наоѓа на веп страницата, тој е на јавна расправа, бидејќи се работи за голем и обемен закон, оставивме малку време универзитетите и факлутетите да го прочитаат и да го разгледаат и да дадат евентуални забелешки кои веќе почнаа да пристигнуваат и ние најсериозно ќе ги проучиме тие и она што се вклопува во концепцијата ќе ги вградиме во конечната верзија на законот. Од тие причини, сега се одлучивме да одиме со овој чекор да донесеме само измени, кои што измени се разбира, по усвојувањето овде, ќе се инкорпорираат целосно во новиот закон. Тука нема дилема.

Сега околу некои други прашања дали 500 или 3.000, тука се дадени три листи. Сега ќе почнеме со 500, па ќе видиме како ќе се одвива. Понатаму ако има потреба таа да се прошири ќе направиме со одредена измена, а дали треба само професорите да бидеат, цениме дека вонредните професори се навистина, исто стручни и компетентни да одлучуваат по оваа област и би рекол, што ако немаме доволен број на редовни професори од одредена област. Тогаш нема ли да признаеме? Значи, вонредните професори од одредена област , од одредено подрачје се доволно компетентни како и редовните професори. Од тие причини, стои од редот на професорите, а не само од редовните професори. Ќе има постојано комисии, а може да се формира и ад хок комисија, ако биде некоја диплома специфична, може да се прави од повеќе факултети, да се искомбинира. Една комисија која ќе одговори на профилот на дипломата од каде што доаѓа. Ние ќе имаме случаи каде што во Македонија ќе нема одредени студии. Ние мораме и тие дипломи да ги нострифицираме и да ги признаеме.

Околу билатералните договори овде стои дека ќе се почитуваат ратификуваните меѓународни договори. Такви ги има Република Македонија и по нив и работиме.

Сега, со развојот на новата информатичка технологија, малку и процесот на проверката е олеснет. Секој добар универзитет, секој добар факултет на својата веп страница ги објавува сите дипломирани студенти. Да го земете за пример скопскиот Универзитет, на Електротехнички и на Машински факулстет ќе видите дека ги има имињата на сите дипломирани студенти. Значи, таа проверка е олеснета, но нема тоа да биде дефинитивно. Повторно ќе се бара процедурата, процедурата да се запази, да се добие мислење, односно потврда од самиот факултет.

Националната рамка на квалификации точно е дека ја нема и таа ќе се прави, но како што кажа и почитуваниот пратеник нејзината изработка е долготраен процес. Тоа не може преку ноќ да се прави. А ова околу видот и степенот, значи нивото на квалификација, Словенија има искуство, каде што администрацијата во Министерството кажува оваа диплома одговара на прв степен, оваа диплома одговара на втор степен и толку е. Тие не навлегуваат во компетенциите на администрацијата. Понатаму, за компетенциите се формира друга комисија слична на оваа или му се дава на соодветниот универзитет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

За реплика се јави господинот Тале Герамитчиоски. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер,

Јас кажав дека ние го поддржуваме овој закон. Сите мои сугестии беа во насока на подобрување на текстот. Очигледно дека има празнини и самите признавате.Бидејќи, кога ќе се реализира во практиката ова, оние кои што ја работеле оваа проблематика знаат дека ќе наидат на дополнителни тешкотии.

Да тргнам од последното, кое што го кажавте. Значи, согласно со билатералните договори кои што ги имаме потпишано со неколку држави, постапката беше регулирана во членот 168-а. Сега го нема. Вие ќе потврдите дали е мастер, печалбар итн. Ова се префрла на Инфо-центарот. Огромна е одговорноста, бидејќи, само за илустрација од Бугарија имаше море на магистарски дипломи со само една година посдипломски завршени студии. Петнаесетчлената комисија ги одбиваше, а судот цитирајќи ги законските права стекнати со билатералната спогодба, која што му била основа за пресудување им пресудуваше во нивна корист, иако го користат вакумот на непрофункционирање на Бољонската декларација и кај европските држави сеуште, бидејќи рокот за сите е до 2010 година. Ќе се соочиме со практични проблеми кои што судски ќе се интервенира. Јас ви кажувам ако досега стоеја 15 професори од некоја комисија, анализираа, стоеја со име и презиме позади решенијата, сега сето тоа го префрлате на службите, ги ставате навистина, во многу непријатна положба.

Сега, околу ова што го кажавте за националната рамка на квалификации е добро, околу базата на податоците. Јас сугерирам интерно добро да го цитирате овој дел, ако можете , знам дека не може, но ако можете амандмански да интервенирате како Влада, да се внесе, или да се зголеми опсегот, или тоа ќе се решава со упатство, правилник, или подзаконски акт од страна на министерот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамтичиоски.

За реплика кон говорот на господинот Герамитчиоски се јави господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам,

За почеток, една реплика до господинот Тале Герамитчиоски, во насока на тоа дека се труди на еден начин во неговото излагање да го одржи статус кво кое постоеше во Министерството за образование и наука и на факултетите “Св. Кирил и Методи” во Скопје, каде за сите дипломи стекнати од странство требаше да се ангажираат комисии од посебни факултети, за да направат нострификација на дипломите, од државите од каде што се стекнати тие дипломи.

Но, свесен е дека овој закон или овие измени во делот на овој закон за високо образование и сам признавам дека е позитивен затоа што ќе го скрати рокот на нустрификација на дипломи стекнати во странски држави, од Европа, светот и нашите соседи. Господинот исто така знае, беше министер за образование и знае дека сите дипломи до сега дојдени од соседните држави, од страна на факултетите имаше и злоупотреби со одлоговлеквување на роковите, да не кажам и манифестација на корупција во правец на тоа дали ќе се нострифицира некоја диплома, или нема. Како пример ќе го земам Факултетот по медицина во Стара Загора во Бугарија. Во многу случаи Министерството за образование се обидуваше да ги нострифицира овие дипломи, додека од страна на Факултетот за медицина односно Медицинскиот факултет во Скопје се земаа дополнителни информации и се велеше дека овие дипломи не можат да бидат еквивалентни на дипломите во нашата земја, затоа што, наводно, во Македонија не бил признаен овој Факултет како официјален.

И во однос на комисиите, ќе му кажам на господинот дека комисиите ќе се концентрираат во Министерството за образование, и така на факултетите ќе се спречат овие опструкции и корупциски методи што може да произлезат од оваа лоша работа која до сега се вршеше и останаа многу дипломи ненострифицирани. Откако ќе ја заврши својата работа оваа Централна комисија, во иднина многу лесно ќе им биде на сите држави околу нас и во Европа, ќе постапуваат според Болоњскиот процес со трансфер кредитите што ќе бидат транспарентни на ВЕП страниците на сите факултети, како што е случајот во Македонија, во УИЕ, каде секој поен на студент е транспарентен.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута за господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега, ако ви е намерата само да реплицирате и да си задоволувате суета, во ред, јас го прифаќам тоа, но сите констатации потполно ви се погрешни, бидејки немате правилни информации, ниту ја познавате таа проблематика. Медицинските науки не се составен дел на Болоњската декалрација, ниту во билатерални договори кога ќе ги потпишува Република Македонија. Медицината секогаш е исфрлена од тие билатерални договори. По посеебна процедура и псотапк оди нострификацијата. Пред да дискутирате и пред да заземате некои ставови или мислиња, или да исфрлате некои отровни стрели, демек во тоа време не се правеше вака или онака, информирајте се, видете како било, што било, па спроведете еден правилен заклучок за да држи репликата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, оние неколку што сме во салата, почитуван заменик министер.

Јас ќе се обидам сосема на кратко, затоа што повеќе би сакала некои мои укажувања да ги слушне заменикот министер. Секако да говориме

за парламентарното мнозинство, нема кој да не слушне, затоа ќе бидам апсолутно што е можно поконкретна во моето излагање.

На самиот почеток би сакала да ја поддржам иницијативата која треба да се реализира преку еден ваков закон, значи за изменување на Законот за високо образование каде станува збор за нострификација на дипломите.

Јас би сакала да кажам дека навистина крајно време беше да се пристапи кон тоа да имаме поголема ефикаснсот и во пократок рок да можат да се нострифицираат дипломите. Јас околу тоа нема да се повторувам со она што го кажа почитуваниот колега Герамитчиоски затоа што, секако дека тој подобро ја познава проблематиката. Реков дкеа би сакала да дадам поддршка со тоа што сега веќе дипломираните студенти ќе можат по пократок рок да ја завршат таа работа затоа што навистина бевме сведоци на случувања каде со години траеше постапката за нострификација на дипломите и каде имавме дури и селективен пристап околу тоа кои дипломи ќе бидат нострифицирани, а кои нема да бидат. Кога велам селективен пристап, не мислам на различни факултети и она што сега го говореше колегата, туку од исти факултет одредени студенти можеа многу побрзо да ја нострифицираат својата диплома, додека одредени студенти беа соочени со подолги процедури и повеќе чекање. Со овој закон, се надевам дека сето тоа ќе биде надминато и дека студентите ќе можат побрзо да ја завршат оваа работа, а и секако дека ќе ги чини помалку, за разлика од она што до сега навистина се даваа големи пари за нострификација и ако кон тоа ги додадеме трошоците кои ги имаат родителите за време на студирањето на своите деца, навистина ова претставуваше дополнително оптоварување на родителите. Но, во секој случај дозволете ми и јас да ја изразам дилемата од тоа што ќе се постигне со нострификацијата од 8 дена, дали пак од друга страна и тоа не е, ако реков повеќемесечни па дури и годишни нострификации со што и јас бев соочена околу нострификација на мојата диплома од постипломските студии, дека сега пак овие 8 дена нема да доведат до одредени пробелми за кои говореше колегата Герамитчиоски, дали нема да се соочиме со тоа да се нострифицираат и дипломи кои се фалсификат или пак кои се несоодветни за да бидат нострифицирани. Токму поради тоа навистина изразувам голем сомнеж зошто беше потребно да се избрише и членот 168-а, затоа што во секој случај мислам дека со бришењето на овој член не се постигна нешто повеќе за забрзување на времето во кое ќе бидат ностифицирани.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, јас би сакала ако може да ме слушне заменикот затоа што реков дека нема да говорам за високото образование и да го повторувам тоа што беше кажано од претходните говорници, но јас би сакала да ја изразам мојата дилема особено не за додипломските студии, туку за нострификација на дипломите од постдипломските студии, вклучувајки ги магистратурите и докторатите. Мислам дека во таа насока не е добро што во целост се исклучени факултети, дури пак и оваа комисија да биде составена само од редот на професори, а не редовни професори, односно да биде составена, како што стои, универзитетски професори.

До колку биде вклучен факултетот, а остане рокот 8 дена, без разлика дали тука имаме универзитетски професори, исто така ништо не се постигнува.

Почитувани колеги, имаме постипломски студии, значи магистратура и докторат кои зафаќаат една многу сериозна, но и чувствителна материја, како што се магистратурите и докторатите од областа на историските науки. Кога велам на историскитие науки, тука мислам на областа на археологијата, историјата, новата и подалечната, исто така тука ги вклучувам етнологијата, познавањето на другите процеси кои се одвивале во минатото низ историјата, Мислам дека токму тие се чувствителни прашања за што ќе треба апсолутно да го слушнеме мислењето на универзитетските професори од таа област, затоа што, почитувани колеги , не е исто една диплома, еден докторат од периодот за кој говорев, дали ќе биде средновековниот, или античкиот период од темата на историјата да биде одбранет на универзитетите во странските земји, поготово во земјите кои не опкружуваат. Ние ги знаеме различните толкувања. Сега не би сакала тука да ги набројувам, да невлегувам во таа проблематика и односот кон историјата што го имаат одредени соседни земји, вклучувајки ги Бугарија, Србија, Албанија, Грција.

Јас сметам, во секој случај, една одбранета магистарска или докторска теза од овие области во овие соседни земји, треба многу сериозно да биде предмет на апсолвирање од страна на универзитетските професори и тие да си го кажат своето мислење. Во спротивно таа теза, до колку понатму биде објавена и публикувана, а ние знаеме кога се публикуваат магистерските тези и докторатите стои дека овој труд или оваа публикација произлезе од објавената докторска дисертација на тој и тој. Мислам дека тоа не би било добро и во никој случај нема да оди во насока за дознавање на историската вистина на Република Македонија, напротив може да и нанесе уште и штета.

Исто така овде би ја изразила и дилемата што се однесува околу степените. За тоа нешто се спомна и во претходните дискусии, што значи магистратура со една година, како што беше случајот на магистраториумите кои доаѓаат од соседна Бугарија. Истиот случај беше и во Полска и сега да не набројувам. Таму со една година по продолжување од она што значи до дипломски студии, продолжување на студиите, се стекнува со диплома за завршени магистерски студии, што можеби кај нас одговара на рангот на изработка на една посериозна дипломска работа.

Токму поради тоа сметам и би сакала заменик минситерот да ми одговори во оваа насока, како ќе бидат нострифицирани дипломите што се добиваат на посдипломските студии односно магистратурите и докторатите, поготово од овие области, ако ги оставиме факултетите надвор од процесот на нострификацијата и што значи тоа формирањето на комисии, овие членови дали ќе бидат тие истите, без разлика од која област се доаѓа, а дури и да бидат стручни комисии, од соодветната област професори, како можат во рок од 8 дена да ја прочитаат една магистерска или докторска дисертација која знаеме е најмалку помеѓу 200 и 400 пишувани страници. Мислам дека тоа е апсурд, да може во толку краток период да биде нострифицирана една диплома од овие области.

Јас реков нема да ги повторувам останатите дилеми кои беа искажани. Токму поради то амислам, ако одговорот на министерот е дека се подготвува законот за високо образование и до колку следуваат измени, ми останува да се надевам бидејќи сега нема можност да се интервенира во таа насока, дека ќе следат измени и во оваа насока, а Министерството ќе ги има предвид искажаните забелешки и да изразам надеж дека час поскоро овој закон ќе биде доставен до пратениците, за да не се соочуваме со ситуации кои би биле неповолни и како што реков, наместо да одат во насока за докажување на историската вистина за Република Македонија, можеби ќе одат во насока за искривување на историската вистина за нашата земја.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има реплика заменик министерот за образование и наука, Јован Лазарев.

**Јован Лазарев:** Благодарам.

Почитувана пратеничке ќе се потрудам да одговорам на неколку ваши прашања, прво, надвор од факултетите, надвор од процесот.

Многу беше долга процедурата баш за тоа што целиот процес одеше преку факултетите, а повторно факултетите не расправаа на наставнички совети, туку повторно формираа комисии и сега ако треба да биде комисија од факултет, подобро таа комисија да биде во Министерството за да се забрза процесот.

Само за ваша информација, во предлог за изработка на текстот работеше Комисија при Министерството во која Комисија членуваа 4 проректори од 4 универзитети во Република Македонија и сите тие се согласија дека решението кое е во Предлог законот е во ред, бидејќи се обезбедува стручност и компетентност. Сите ги интересира дали има стручност и компетентност во комисиите.

Околу докторските и магистерските дипломи, сега со новиот Болоњски процес се признава прв степен, три или четири годинис тудии и втор степен една или две години студии, зависи претходно дали било три или четири. Значи вкупно пет години. До колку студентот има студирано пет години и освои довоелн број на кредити, тој автоматски добива звање мастер-дигри односно завршен втор степен на студии. Докторските студии се тригодишни студии и е трет степен на образование.

Комисијата сега не може да ја почнува постапката за нова одбрана на магистарска работа или нова одбрана на докторска дисертација, или да ја чита целата дисертација. Затоа, ако е тој кандидат дојден од соодветна институција, рангирана и која е признаена во својата држава, пред се, тогаш ние треба да му го признаеме степенот што тој го има. На тој начин ќе ја упростиме целата постапка.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минут аконтра реплика за госпоѓа Топузова.

**Роза Топузова Каровска:** Почитуван заменик министер не се работи за тоа дека се сомневаме во стручноста и компетентноста. Меѓутоа, се работи за времето. Во рок од 8 дена не може да се прочита една докторска десертација.

Ќе земам еден пример. Условно една докторска дезертација од времето на средновековието, која се однесува, еве да кажеме на сакталните објекти во Македонија и ако е одбранета во соседна земја, таму би стоело наашите најзначајни споменици од тоа време, Св. Ахил и Св. Софија, две од седумте Борисови цркви, дали ние тоа ќе го прифатиме, затоа што ние имаме сосема друга теза дека тоа се цркви кои ги подигнал Самоил. Во таа теза може се друго да биде добро, меѓутоа да стои овој податок. Навистина говорам најсериозно, се со една единствена цел, да не е позиција или парламентарно мнозинство, туку да се договориме, да не ни се случуваат некои работи понатму што би оделе на штета на историјата на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер за образование, колешки и колеги пратеници,

Јас сосема на кратко, давајки поддршка на овој Предлог на закон за изменување на Законот за високо образование, да ги кажам дилемите за тоа што е направено со едно брзање да се одговори на предложениот закон од пратениците Герамитчиоски и Грковска. Мислам дека Владата можеше во мислењето по законот што го предложија пратениците, да даде свои сугестии, како што се прави, да даде свој предлог на амандмани, па можеби во една процедура да дојдеме до посеопфатно решение, бидејки и денес и ова што го зборуваше колегата Герамитчиоски, посебно тоа што го отвори сега колешката Каровска, остава дилеми за некои исклучително значајни области во Република Македонија.

Уште еднаш дилемата, кога велиме зошто се отфрлаат факултетите, не мислиме дкеа ќе се бајпасира тоа со комисија што треба да биде во

Министерството, бидејки едно е тој да ја оцени дипломата дека е дипломиран машински инжињер, а друго е да ја оцени областа, дека е машински инжињер од областа, не знам моторни возила, термоенергетика и т.н., што после ќе треба да го профилираат како кадар, согласно барањето на пазарот, на некој конкурс кога се бара одредена област.

Затоа и ја поставивме нашата дилема, кога тие комисии ќе се формираат каков ќе биде мандатот по одредени области, бидејќи, со самото аплицирање за нострификација на дипломата, ако од процесот го префрлиме на факултет, па да се одреди или тие тројца да се одберат по одредена област, каде што на еден факултет има по три, четири, пет, шест некои повеќе области, ќе помине рокот и автоматски ќе се нострифицира дипломата.

Мислам дека предлогот од еден месец што постоеше кај пратениците Грковска и Герамитчиоски една пореална варијанта на решавање на тој проблем. Сепак, факултетите се понавлезени во таа област и без разлика што се формираат комисии на факултетите, потврдата оди на наставно-научниот совет, за да се изврши нострификацијата.

Втората дилема што ја имаме, тоа е дискреционата моќ што му се дава на министерот. Знаеме дека по сите заложби за потранспарентна работа или борба на намалување на моќта на министрите, дискреционата моќ за тој да ја формира комисијата, не е во заложбите за транспарентност или за намалување на моќта на владините институции. Затоа, велам дилемата наша е дека високообразовните институции или универзитетот како автономна институција, ја има таа моќ или привелегија да може таа комисија што би ја формирала, да биде и стручна и компетентна. Нивниот мандат, начинот на формирање остана дилема и она што беше кажано во членот 5 дека видот и степенот на квалификацијата што ќе се даде се усогласува со националната рамка за квалификација, која што ние во овој момент ја немаме, така што овие два процеси ќе течат паралелно. Се плашам дека додека се завршат сите подзаконски акти, додека се заврши таа национална рамка, ние ќе дојдеме во ситуација кога Законот за високо образование ќе биде овде на расправа и практично ова да стане беспредметно. Тоа е еден проблем кој што го тангираат многу граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за високото образование.

Пред да ве повикам да гласаме, би ги замолил пратениците кои не се присутни во салата, да влезат во салата.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално има Вељановски Трајко.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам еден час пауза.

**Бесим Догани:** Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлагам еден час пауза.

Бидејќи паузата ќе се вклопи со редовната пауза, тогаш продожлуваме во 15,00 часот. Благодарам.

(По паузата сседницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со седницата.

Но, најпрвин да го почекаме претставникот на Владата.

Во ред, бидејќи е тука претставникот на Владата, продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2 за менување на член 3, за додавање нов член 6 по членот 5 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Фијат Цаноски поднесе амандман на член 4 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикуам да гласаме.

Бидејќи за амандманот гласаа само 50 пратеника, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволно. )

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање на амандманот.

Во моментот се присутни 55 пратеника.

Гласањето не е валидно, ќе го повториме.

Ги молам службите да ни достават уште еднаш точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Уште еднаш ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласаа 55, за гласаа 2, воздржани нема, против гласаа 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за образование.

Да бидам искрена, кога се прекина седницата по барање на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ми беше јасно дека очекуваме Владата да поднесе одредени амандмани, тоа се случи, нема ништо лошо во тоа, Владата да поднесе амандмани, лошото е во тоа што стана пракса и манир на Владата да ни поднесува амандмани во последен момент, но во овој случај се работи во подобрување на текстот на Законот, што е апсолутно прифатливо.

Но, да бидам искрена, очекував дека покрај амандманот што се однесува на член 179 и измената на ставот 1 каде се дообразложува начинот на водење на евиденција дека ја пропишува министер надлежен за образование за признавање на странските високообразовни квалификации дека се води евиденција, како таа се спроведува.

Очекував дека барем малку ќе се обрне внимание и на она што јас го говорев околу пост дипломските студии и докторските дисертации.

Почитуван министре, вие бевте отсутен, сега би сакала да укажам дека не е добро што се исклучуваат факултетите односно универзитетските професори во улога на нострификација на магистерските тези и докторските дисертации особено од областа на историските или поточно кажано, дефинирано, на општествените науки.

Ми беше одговорено дека има комисија и во Комисијата ќе има тројца универзитетски професори. Но, ве молам, кажете ми како во рок од осум дена може да се прочита една теза од овие области која знаеме дека најчесто нејзината големина е 200 па и повеќе страници.

На ова, почитувани колеги пратеници, укажувам најдобро намерно. Навистина општествените науки се една многу чувствителна материја и многу често може да ни се случи да имаме одбранет докторат или магистратура во некоја од соседните земји кои, сите знаеме, дека имаат различно гледање на историјата од нашето гледиште.

Голем број научници од овие области со години се обидуваат и работат врз докажување на одредени тези и историски вистини, но, за жал, може да ни се случи со некоја докторска дисертација одбранета во соседните земји кога таа ќе биде без читање нострифицирана во рок од осум дена, да биде верифицирано она што за таа земја претставува вистина, а е далеку од историската вистина и може да и нанесе голема штета на историјата на Република Македонија.

Токму поради тоа, уште еднаш укажувам, дека Министерството мора многу сериозно да пристапи кон овој проблем и овој рок кај постипломските студии, поготово докторатите, од овие области да биде месец дена. Месец дена е разумниот рок кога можат универзитетските професори да ги прочитаат овие дисертации магистерска или докторска и да дадат суд дали таа треба да биде нострифицирана. За жал, во таа насока не добив конкретен одговор од заменикот министер како тоа ќе може да се направи во рок од осум дена и дали, не се сомневам, да не бидам погрешно разбрана, во добрата намера на Министерството, јас сум една од тие што инсистирам што е можно побрзо бидат нострифицирани дипломите особено високото образование и средното образование и тоа на до дипломските студии затоа што навистина со години се чекаше за нострификација.

Но, ве молам, да бидеме малку повнимателни за онаа проблематика за која јас говорам.

Во претпладневната сесија искажав еден конкретен пример, за да не одземам време на пратениците и да не се претвори Парламентот на место каде ќе се водат научни дебати, затоа што не е научен симпозиум, јас би можела да изнесам многу примери од оној што го кажав утринава во однос на двата наши значајни споменици и тоа Црквата Света Софија во Охрид и Црквата Свети Ахил, кои сосема поинаку се презентирани во научната литература од соседните земји. Одбранета дисертација би имала сосема поинаква конотација во соседна земја и не би било добро тоа да биде верифицирано така во Република Македонија.

Токму поради тоа обрнав внимание Министерството да преземе нешто во оваа насока.

Со оглед на тоа, гледам дека почитуваниот министер за образование и наука е пријавен, очекувам дека најверојатно тој ќе даде некое појаснување и можеби мојата претпладневна дискусија резултира со тоа што Министерството се замислило малку околу оваа проблематика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Реплика има министерот за образование и наука господинот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Сметам дека има потреба од мало дообјаснување.

Прво, да одговорам за рокот. Рокот е најмногу 20 дена за сите универзитети, а осум дена е за најпрестижните. Тоа го кажав во образложението и во нашите дискусии, се работи за 500 универзитети.

Што се однесува до Комисијата и дали барањето за признавање на дипломата треба пак да се носи на соодветните факултети на универзитетите, мислам дека ние имаме една процедура со земји со кои имаме билатерална спогодба и таквите признавања и на магистерските и на докторските трудови нивните дипломи не се носат на факултетите. Исто беше и во минатото и сега признавањето на високо образовните квалификации во делот на магистерските трудови и докторатските трудови се вршеа во Министерството во комисии формирани од страна на угледни професори по дотичната насока.

Тука се отвора можност да се формираат исти комисии и за други земји. Тоа не е ништо ново што се воведува, билатералните спогодби со кои имаме билатерална спогодба и сега начинот на признавање на магистерските и докторатските трудови се врши со Комисија формирана во Министерството за образование и наука.

Со ова ќе им овозможиме и на другите земји со кои имаме најава дека ќе потпишеме билатерални спогодби.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Топузова, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Со репликата на министерот некои работи можеби станаа појасни, но јас сепак би инсистирала да се обрне внимание на ова што го говорев особено за магистерските тези и докторатите од областа на општествените науки. Значи, при формирањето на Комисијата тие задолжително да бидат прочитани од еминентни професори од таа научна област на која припаѓаат и во целост да биде почитувано нивното мислење.

Ова го говорам, навистина, со најдобра намера да не ни се случат некои појави кои понатаму можат да и нанесат штета на целокупната наша наука од овие области. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓо Поповска за збор или за реплика сте пријавени? За збор.

Во ред, тогаш збор има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас навистина немав намера да се јавам по текстот, меѓутоа, бев испровоцирана од амандманите кои ни беа доставени во овој период.

Ние имавме информација дека станува збор за технички амандмани кои ќе го подобрат текстот на законот за измените на Законот за високото образование, меѓутоа, покрај двата амандмани кои се однесуваат на техничко подобрување на предложениот закон, третиот амандман не е баш технички, јас очекував министерот да даде појаснување зошто и кога Владата на Република Македонија се одлучила на ваков чекор.

Имано, со амандманот се предлага да се измени членот 198 став 1 и ставот 2, се со цел да се овозможи пролонгирање на рокот до 2008 година за лицата кои студирале на поранешниот универзитет во Тетово, а кои во рок не поднеле мислам на дотогашниот законски рок, не поднеле барање за проверка и потврдување на нивните знаења, согласно членот 198 од Законот за високо образование.

Имајќи ја во предвид целата атмосфера во која се носеше Законот за Тетовскиот универзитет, на сите ни е познат ставот на ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа, и на тогашната пратеничка група на ДПА или на Партијата ДПА кои беа против донесување на тој закон и против отворање на Универзитетот во Тетово. Сега сме изненадени со ваквиот амандман со кој практично се излегува во пресрет на одредена група студенти за кои не знаеме колкав им е бројот и тоа од оној универзитет кој практично беше нелегален, не знаеме колкав е нивниот број, од кои причини на ваков начин Владата се одлучи да го пролонгира овој рок, затоа што ќе се согласите дека темата или измените кои беа предложени со Предлог законот за високо образование воопшто не се во контекст на ваквите решенија.

Значи, јас очекувам министерот да ни објасни, затоа што тоа го должи, бидејќи ние во ваква ситуација ниту можеме да предлагаме амандмани, ниту сме имале можност да дискутираме на Комисијата од кои причини се прдлага вакво пролонгирање на рокот да ни објасни од кои причини, зошто, кога, Владата се одлучи на ваков чекор, колкава е таа бројка на студенти, значи, што би можеле да очекуваме, доколку ваквиот закон се усвои. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има министерот за образование и наука, господинот Рушити. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Ние се одлучивме за пролонгирање на рокот затоа што има барања од страна на студенти до Државниот Тетовски Универзитет, за студенти

кои, барем по нивните барања велам дека немале можност или биле спречени. Од кои причини јас не можам во детали да зборувам.

Инаку се работи за студенти кои треба да продолжат или имаат барање да продолжат со студии во веќе акредитираните студиски програми или акредитираните модули на Тетовскиот универзитет.

Значи, се работи за пролонгирање на рок со барања од неколкумина студенти кои сакаат да им се овозможи таквото нешто. После неколку анализи сметаме дека треба да им овозможиме на тие студенти да преминат од архивата на стариот тетовски универзитет на Државниот универзитет во Тетово.

Мислам дека со овој зафат ќе им овозможиме луѓето кои неколку години биле во тој наставен процес и со комисии формирани од страна на Универзитетот, како и со претставници од Министерството за образование и наука ќе се видат сите досиеја на тие студенти. Значи ќе биде еден нормален процес, легален процес на продолжување на нивната настава. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рушити.

Реплика од една минута има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Почитуван министре, она што вие го кажавте јас можам да заклучам дека во суштина вие не знаете колкава е таа бројка, заради тоа што истакнувате "само неколкумина на број". Јас се прашувам како се случило ако рокот бил 2005 година само тие неколкумина да не можеле да разберат дека до 2005 година можат да го направат тој чекор и да бараат на веќе постоечките образовни институции да се верифицира нивното знаење и да можат да продолжат со своето образование на акредитираните високо образовни институции.

Се доведуваме во ситуација коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, која беше најголемиот гласноговорник против овој Универзитет, против се што се случи околу неговото признавање сега наеднаш да излегува во пресрет на неколкумина кои што не ја искористиле законската обврска досега, да им се верифицира нивното знаење и само за неколкумина да пролонгираме рок уште еднаш. Јас се прашувам ако по 2008 година пак се појават неколкумина повторно ли ќе го менуваме законот.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги,

Јас ќе говорам само кратко, точно по амандманот на колешката од опозицијата. Мислам дека е добар и дека треба да се поддржи. Имено, значи го поддржувам амандманот за пролонгирање на рокот за нострификација на поздипломските и докторските студии.

Истовремено сакам да нагласам дека силно ќе го поддржам Законот за високо образование со кој се предвидува скратување на 8 дена за нострификација на дипломите од универзитетите, отприлика 500 универзитети на листата и сметам дека е одлично решение. Но, мислам дека аргументите на колешката Роза Топузова Каревска многу држат во поглед на пролонгирање на рокот само на дипломите за посдипломските студии и докторските студии, посебно во делот на општествените науки каде што ние имаме посебен третман од одредени средини надвор од Македонија, на нашето минато, историја, култура, јазик, едноставно сите прашања поврзани со македонскиот национален идентитет. Тоа е важно, важно е да ги испрочитаат и да ги верификуваата квалификувани експерти кои што би биле присутни во одредена комисија и тоа за еден рок од месец дена, што мислам дека со оглед на бројот на поздипломски и докторски трудови тоа не би бил ниту голем товар, ниту големо забавување. Значи, токму поради тоа ќе го поддржам овој амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

(Господинот Слободан Најдовски реагира од место, дека не се расправа по амандман)

Во ред господине Најдовски, не се води амандманска расправа. Амандманот на Владата е веќе составен дел ...во ред.

Има збор госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Јас исто така го поддржувам амандманот на колешката Роза и нема посебно да зборувам за тоа освен што се приклучувам кон дискусијата на Лилјана Поповска и сосема ја прифаќам како своја.

**Бесим Догани:** Само едно дообјаснување.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска немаше амандман, туку бараше информација од министерот за тоа.

**Јагнула Куновска:** Се извинувам, јас сфатив дека е амандман. Не знам дискусијата што држи ако немаше некое барање во врска со неа. Ако е само дискусија тогаш нема зошто да се приклучиме ни јас ни колешката Поповска.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам службите да ми доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи во салата имаме доволен број на присутни пратеници, 61 госпоѓице Грковска, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, колку што се присутни во салата, за законот гласале 59. За гласаа 57, воздржани нема и 2 гласаа против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот за законот со кревање на рака.

Кој е за молам да крене рака?

Дали има некој против, молам да крене рака?

Дали некој се воздржува од гласање?

На седницата присуствуваат 8 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот сите 8 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за високото образование.

**Бесим Догани: Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за основање на факултет за администрација и менаџмент на информациски системи во состав на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за образование и наука, господинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Пристапувањето кон Европската унија и НАТО и интензивирање на процесите на отворање кон Меѓународната заедница како стратешка цел на Република Македонија наметнува исполнување на одредени стандарди за модерно информациско општество со користење на високи професионални знаења и технологии. Ова покрај другото недвојбено бара подигање на нивото за стручност и професионалност и ја нагласува потребата за едукација на високо стручни кадри од областа на администрацијата и менаџментот на информационите системи.

Во Република Македонија не постои посебна државна високо образовна установа специјализирана за ваков вид на студии, туку образованието на кадри се врши во рамките на одделни приватни универзитети. Затоа основањето на овој факултет е многу значајно како за образовниот систем во државата, намалување на студентската миграција во соседните земји, така и за развојот на градот Битола, регионот и пошироко.

Високото образование во Република Македонија повеќе од 10 години се наоѓа во фаза на хармонизација на постојниот високо образовен систем со европскиот образовен систем.

Процесот на хармонизација се спроведува преку имплементација на Болоњскиот процес кој е во правец на примена и обезбедување на квалитет во високото образование, воведување на систем на високото образование заснован на три циклуса, до дипломски и после дипломски и докторски студии, воведување и примена на единствен кредит систем, како што е европскиот кредит трансфер систем, реализирање на студиски програми за заеднички европски студии и заеднички дипломи, Џоинт диплома, развивање на доживотното учење на Лонг Лифе Леарнинг, примена на европската рамка на квалификација и воопшто воведување на стандарди неопходни високото образование на Република Македонија да биде дел од единствениот европски простор на високото образование.

Имајќи ја предвид определбата на нашата држава за членство во Европската унија се повеќе се наметнува потребата од осовременување и проширување на дејноста на универзитетите во правец на профилирање на кадри кои што ќе располагаат со знаење, вештини и компетенции неопходни за оспособување на државните институции и другите субјекти за влез на Република Македонија во Европската унија.

Администрацијата претставува еден од основните системи во државата преку подготовка на политиките и нивната имплементација се создава од соодветно опкружување за активностите на граѓаните, економската заедница, квалитетот на нејзиното делување значително влијае на натпреварот и конкуренцијата во економијата и благосостојбата на граѓаните.

Администрацијата претставува компексен систем кој е потребно во континуитет да се прилагодува на опкружувањето. Свесноста за потребата од константно подобрување, модернизирање, организирање, или пак усовршување на јавната администрација е предизвик кој придонесува за создавање на квалитет кој е способен целосно да ги задоволи потребите на граѓаните.

Трендовите и развојот на високото образование особено во регионот на Македонија бара атрактивни подготвителни програми кои ќе бидат приспособени на нашите потреби и специфичности. Степенот на економски и општествен развој во земјата и во регионот генерално има потреба од плејада на интелектуалци кои ќе бидат подготвени да се спротивстават на т.н. предизвик администрација

која бара професионално подготвен кадар во специјализирани области и подлабоки сознанија на посебните профили во полето на економијата и бизнисот.

Програмата за администрација на факултетот за администрација и менаџмет во информациските системи е изработена така што ќе ги подготви студентите за идната кариера во администрацијата, непрофитабилна анализа за менаџментот од јавната политика во сите сфери на јавните услуги.

Република Македонија преку развој на информациското општество успешно ќе може да се движи кон реструктуирање на економската база на т.н. економија на знаење со цел активно користење на знаењето и високите технологии. Ова реструктуирање ќе отвори нови работни места, ќе го подобри животот, животниот стандард и ќе овозможи глобален општествен напредок во Република Македонија.

Високо квалификувани и добро едуцирани граѓани со основно познавање на информациско комуникациската технологија и користењето на компјутери и интернет е една од основните примеси за сеопфатен успеќен развој на Република Македонија. Развојот на информациското општество во Република Македонија е во контекст на Европа Акциониот план, како и 2010 информациска стратегија на Европската унија.

Македонското општество во целина може да има големи придобивки во користењето на информациско комуникациска технологија доколку претпоставките за партиципација во информациското општество се создадени за сите граѓани подеднакво. Секој граѓанин на Република Македонија незевисно од возраста, образованието, етничката припадност и друго треба да има можност да учествува во развојот и практикувањето на информациското општество со обезбеден пристап кон информациските комуникациски ресурси и јавните информатички сервиси.

Формирањето на факултетот ќе овозможи образување на квалитетен информатички кадар според европски критериуми и препораките на Европската унија како поддршка на развој на извозно ориентирано производство во ИТЦ Секторот, кои треба да се соочат со предизвиците на новото информациско општество.

Отворањето на факултет за администрација и менаџмент на информациски системи на Универзитетот во Битола е во согласност со светските трендови и развој на информационите системи и менаџирањето во оваа област. Вакви факултети постојат во светот и се рангираат во групата на најатрактивни факултети.

Во Македонија ниту еден од постојните факултети за информатика, или компјутерски науки не го нуди според менаџирање информациски системи а уште помалку планираната спрега со македонскиот АТС Сектор е задоволување на потребите, производство на софтвер за извоз и аутсорси.

Насоката менаџмент во информатичката технологија на Факултетот за администрација и менаџмент на информациони системи на Универзитетот во Битола ќе ги поврзе двете големи области - телекомуникации и информатички системи со нагласок за користење на информатичката технологија за решавање на бизнис проблеми, како и менаџирање на ИТ Активности и проекти, компјутерски центри, АТИ компании, аутсортинг и друго.

На оваа насока студентите ќе се здобијат со практични знаења и вештини неопходни за успешно снаоѓање во брзиот развој на информатичките технологии. Ќе се здобијат во исто време и со бизнис вештини, но и исцрпни знаења од информатичките технологии.

Денешните менаџери и професионалци во информатичките технологии мора да имаат силна основа и во двете овие области за да бидат успешни како во развојот така и во менаџирањето на клиент сервер и веб базираните системи.

Наставната програма е различна од постојните информатички факултети во Република Македонија ќе се изведува во директна спрега со ИТ Сектор во Република Македонија како еден од апсорберите на дипломираните студенти и нивно директно вклучување во процесот на производство на софтвер и неговото менаџирање.

Основните причини на програмските дополнувања кои што ги предлагаме на Факултетот за администрација и менаџмент во информатичката технологија се нашата определеност за мобилноста на студентите и професорите во процесот на Болоња, размена на студентите и професорите, флексибилноста на студиите, признавањето на дипломите и нивните суплементи, како и стандардизацијата на студиите од аспект на времетраењето и програмската структура.

Во текот на студиите е предвидена пракса, практична работа во владини институции, ИТ индустријата, телекомуникациски компании, финансиски осигурителни и други фирми.

Во изведувањето на наставата ќе бидат вклучени наставно-научни и стручни работници од постојните универзитети во Република Македонија, а може да бидат ангажирани и наставници како лизинг професори од универзитети во странство.

Основањето на овој факултет ќе има и своја рефлекса и врз пазарот на трудот, кој ќе биде се конституиран и ќе претставува механизам на позитивна професионална селекција со високи стандарди на компетентност, работна одговорност, работни навики и професионални квалитети и професионална етика. Во секој случај ние треба да се придржуваме на критериумите, стандардите и современите вредности на професионалниот кадар и

подготвителна функција за процесите за евро атлантска интеграција за да бидеме подготвени за професионална конкурентност во заедничкиот пазар на стоки, идеи и капитал и особено работна сила.

Основањето на овој факултет е само уште еден доказ за спремноста на Република Македонија да едуцира кадри според европските стандарди и критериуми.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Во овие 8-9 месеци откако функционираме како нов состав на Парламентот, се изнагледавме на разни предлози на закони, најразлични видови на документи и сугестии, се водеше политичка борба, кампања ваква или онаква, се спротивставуваа ставовите. Ама ова што го гледам пред себе е врвот на она што може да го достигне оваа Влада. Да се почитува желба и волја на двајца луѓе кои од приватни, лични причини, користејќи ги политичките влијанија да создадат таков раздор на еден универзитет кој се наоѓа во најосетливиот момент на реформи, тоа ќе биде една најголема црна дамка на оваа Влада во иднината. Можеби овие зборови ви звучат претешко, ама дозволете да образложам зошто вака започнав. Голем дел од вас, почитувани колеги, кои сте во парламентарното мнозинство, кои имаа прилика да го проучат овој проект сте длабоко убедени во себе дека е една огромна глупост. Ама ја почитувате дисциплината партиска и го повлековте вашиот амандман, кој што го доставивте и до пред почнување на оваа седница беше активен за да се поправат работите. Еднаш се одложи оваа глупост, сега повторно е на дневен ред.

Ако добро го погледнете законот, кој што се состои од 9 члена, ќе почнам од осмиот член, всушност главната причина за која започнала реализацијата на оваа идеја се состои во тој член 8, во кој се вели: постојните интердисциплинарни студии за јавна администрација на Универзитетот “Свети Климент Охридски” Битола од учебната 2007/08 година ќе продолжат да се остваруваат во рамките на високообразовната дејност на новиот факултет. Значи затекнатите студентите на интердисциплинарните студии за јавна администрација на Универзитетот “Свети Климент Охридски” Битола од учебната 2007/08 година ќе го продолжат своето образование на факултетот според студиската програма на која ги започнале студиите. Сите знаат и на Универзитетот и пошироката универзитетска јавност дека оваа идеја започнала со потребата од прераснување на интердисциплинарните студии по јавна администрација кои започнаа во 2002 година, по позитивно мислење на Ректорската управа, односно Сенатот на Универзитетот со препораки да прерасне во факултет за јавна администрација. Гледајте чудо сега, веднаш се наоѓа проект во кој Владата се обиде неколку пати да го ублажи, значи за администрација, не е ни за јавна администрација, бидејќи во оваа фела луѓето знаат да прават разлики на оваа поширока дејност и на потесно подрачје на специјализација, може да биде бизнис администрација, може да биде јавна администрација, разликата е огромна. Прво почнавте со бизнис администрација па се повлековте, сега стои факултет за администрација и менаџмент на информациските системи. Доколку го гледате сега образложението, првите две страници се во ред, се образложува она кое фактички постоеше, интердисциплинарните студии беа формирани како последица на реализација на Темпус проектот, меѓународниот Темпус проект кој што го водеше сегашната ректорка и е нејзина проекција кој успешно го реализира преку студиска програма на интердисциплинарни студии по јавна администрација, завршија четирите години, заврши реализацијата на проектот и сега некој треба да се удоми. Започнува реализацијата на факултет за јавна адниминистрација. Добро е, секоја иницијатива за прераснување на факултет на нешто кое што било проект, постои традиција, постојат позитивни и негативни искуства и неможе а да не биде поддржано од универзитетската јавност. Ако отвораме нови универзитети, природно е заложбите на Владата за зајакнување на административниот капацитет, за кој општа е оценката дека е слаб, е во ред и тоа е за поздравување. Но видете чудо сега, со други болдирани букви во образложението и овде министерот читаше некои бајки за информациска технологија која што ќе биде инсталирана на некој фамозен нов факултет. И да ви прочитам, на Комисијата го отворивме ова, верувајте, немаше воопшто ни да започнам со вакво нешто ако не ги прочитав овие тешки смешки. Бевме убедувани дека ќе биде менаџмент на информациски системи. Тоа е еден предмет, но ајде го прифаќаме фактот дека е студиска програма и верувам дека министерот бил убедуван од неговиот колега кој што е задолжен за информатичко општество, но да не го земам сега здраво за готово, таа претпоставка да ја земам, но тука имаат некои мистични сили замешано прсти. Вели: “Формирање на факултетот ќе овозможи образување на квалитетен информатички кадар според европски критериуми и препораки на Европската Унија како поддршка на развој на извозно ориентирано производство во ИКТ секторот, кои треба да се соочат со предизвиците на новото информатичко општество”. Вели, наставната програма на тој непостоечки факултет е различна од постојните информатички факултети во Република Македонија, ќе се изведува во директна спрега со ИТ секторот во Република Македонија како еден од апсорберите на дипломираните студенти и нивно директно вклучување во процесот на

производство на софтвер и негово менаџирање. Производство на софтвер-а од колешката која за жал не е тука бевме убедувани дека тоа е менаџмент на информациски системи и ние поим немаме што значи тоа, почна да ни држи предавање на Комисијата што значи менаџмент на информациски системи. Уште вели студентите ќе бидат оспособени да ги поддржат модерните информациски технологии, архитектура со нагласок на развој и имплементација на дистрибуирани клиент-сервери, апликации за поддршка на бизнис процеси.

Знаете ли што има таму сега? Само да ви ја прочитам студиската програма која постои и 4 години работат таму. Вели, факултативни предмети: Информатика 1+1. Факултативно информатика е во прва година од тие 4 години и ништо друго повеќе нема врска со ова нешто.

Ајде да бидеме сериозни. Знаете ли каква мешаница предизвикавте во Универзитетот? Во образложението на почетокот е наведено кои се членките на Универзитетот. Само да ви почитам од тој дел: Техничкиот факултет од Битола има две студиски програми кои имаат добиено акредитација и работат, Техничка информатика и Информатика и техничко образование. 90% од целокупната потреба на информатичките предмети на членките на Универзитетот наставата ја покриваат професорите и соработниците од Техничкиот факултет во Битола и на Економскиот факултет во Прилеп, на Биотехничкиот факултет и на Педагошкиот факултет, до скоро и на Факултетот за туризам. Сега наеднаш факултетот настојува од петни жили да се преструктуира, има огромни резултати, кадровски потенцијал и не би сакал да ја користам оваа говорница за да објаснам за каков профил на луѓе станува збор, со традиција, наеднаш се јавува потребата Владата за информациско општество да ја задоволува на една гола ледина.

Предметите во овој дел кои се предаваат директно на постојните студиски програми се: Информациони системи, Информациони системи во производствените претпријатија, Проектирање и менаџмент на локалните компјутерски мрежи, Менаџмент на софтверски проекти, Софтверско инженерство, стурктури и база на податоци, Системи за управување со бази на податоци и развојни алатки, Деловна и професионална комуникација.

На Економскиот факултет во Прилеп постојат Деловна информатика, Експертски системи, Електронски бизнис, Деловно комуницирање, Менаџмент и Информациони системи-еве го предметот кој што го крстивте студиска програма- и Маркетинг информациони системи.

Само за ваша илустрација двете институции до сега оствариле интензивна меѓународна соработка во рамките на повеќе од 10 меѓународни проекти. И двете институции се инволвирани заедно во проектот кој треба да заврши оваа учебна година со наслов "Менаџмент и бизнис образование во компјутерските студии" или кратенката е МАБЕКС, а пријавен е уште еден заеднички проект под наслов "Бизнис информациски технологии на Универзитетот во Битола" или кратенка, шифра постои БИБИТА, низ чија реализација се очекува преструктуирање на студиската програма "Дееловна статистика и информатика во бизнис информациските технологии" на Економскиот факултет во Прилеп, согласно студиските програми од Универзитетот Сау бент од Лондон.

Значи ако има потреба Владата од реализација на овие заложби, еве простор, еве ви инфраструктура, еве ви кадровски потенцијал, еве ви реализација на меѓународни проекти кои течат. Никој не е против заложбите на Владата дадени во образложението, ама двајца луѓе кои си седеле така и си осмислиле во главата дека треба да се удомат некаде или нешто лично да направат за сопствени потреби, без при тоа да имаат ни 0,1% поддршка на сопствениот матичен универзитет и тоа не е мое укажување, добивте факс Владата, во два наврати, наставно-научните совети на факултетите дискутираат за ова, заземаа ставови и ја замолуваа Владата уште еднаш да размисли што прави. Ние од петни жили настојуваме да го реформираме високото образование, да направиме реформи во постојните студиски програми, да се преструктуираат , да се модернизираат согласно со Болоњската концепција и наеднаш наместо поддршка, Владата преку фамозни проекти да им забие нож во грбот, тоа е без малку за државна институција право предавство.

Побаравме и не добивме никакво образложение зошто јавната администрација која што стои е прекрстена најнапред во бизнис администрација, а потоа сега само во администрација. Што значи ова менаџмент на информациски системи. Во образложението е дадено-јас се извинувам на претешките зборови, што го нареков смешно. Не е смешно, туку е несоодветно на иницијативата. Ова е заложба на Република Македонија, за имплементација на светските трендови. Тука навистина не е местото, ниту соодветствува со постојната иницијатива. Без малку месец дена постоеше силно лобирање од универзитетски професори, кои во ова исполитизирано општество се разбира дека припаѓаат и на политички партии и на политички опции. Единствени се, без разлика на било која политичка опција припаѓаат активно или пасивно дека ова е голема глупост и дека час поскоро Владата треба да го повлече. Еднаш се направи притисок, постоеше разум, постоеше добра волја и проектот се повлече. Што во меѓувреме се случи, какво пазарење се јави, каква борба на суети се јави внатре, какви возвратни ветувања се случија и што впрочем ќе се реализира после, јас сум убеден во овој момент, изгласување на ваков закон може само да се претпостави. Како ќе биде реализирана програмата, која програма всушност кога не постои програма и факултетите,

еве, јас зборувам за Државниот универзитет што ќе се формира во Штип, Владата еднаш треба да започне да се однесува поинаку не заради тоа што опозицијата тоа го бара, туку постои еден систем. Имено, најнапред се обликува проект во кој се внесуваат сите параметри, се прават сите претпоставки на можни импликации на реализација на тој проект. По Н-ти ви кажувам дека овде немаме видено никаков проект. Што значи ова, фатаморгана? На гола ледина ќе никнува фабрика. Ама ова не е фабрика, ова е нешто многу посуштествено и посуптилно. И така мака мачат постојните факултети заради диво дејствување на Славјанскиот универзитет таму, кој што нема акредитација, има запишано 400 студенти и се очекува секој момент да престане со работа и сите да се нацртаат пред Министерството. Без своја волја Министерството и министерот ќе одговара на прашањата на родителите зошто се дозволило такво нешто, иако нема грам вина на Министерството, бидејќи на веб страницата стои кои институции се акредитирани. Но за жал, реалната ситуација е таква и сега уште со помош на државата запишување на нова бројка на студенти која по природа на нештата треба да ги покрие студиските програми акредитирани на овие два државни факултети. Да се формира приватен факултет, во ред, ова е пазарно стопанство. Ова е општество на понуда и побарувачка, еднаквост на сите и пред сите. Ама на една државна институција во која постои инфраструктура, постои традиција, постои утабана стаза по која треба да се оди, паралелизам без да се знае воопшто како тоа ќе биде покриено, бидејќи навистина ајде дајте ми одговор кој наставен кадар ќе ја покрие оваа проблематика. Бевме уверувани дека менаџмент на информатичките системи не значи едуцирање на идни софтверџии, туку на идни управувачи на информациски системи, а тој што не убедуваше и на него не му е познато што всушност тоа значи, ама тоа е тема за друга дискусија. Сега наеднаш во образложението читаме дека тој нов факултет, програмирање во Ц+,+ ЈАВА и тн.- браво, навистина не знам кој кадровски потенцијал го поседувате во тој дел, за да се напишат вакви силни зборови. Едвај чекам образложение, ама се си мислам дека чекам попусто на тоа образложение и дека мнозинството ќе изгласа онака како што мисли дека треба да изгласа.

Жал ми е што не постои слух некогаш, некои работи, искрено да ви кажам не сакав да земам збор. Бидејки потекнувам, член сум на тој Универзитет, иднината ми е на тој Универзитет, не сакам да се ссвати дека има некои конфликт на интереси и не знам каков, јас не сум информатичар, јас работам во друга дејност. Ама, да се нема слух, воопшто за здрава аргументација што потекнува од универзитетската средина, преточена во дописи до пратениците, до Владата, до министерот, до сите и да не се размисли воопшто за последиците од тој чин, мислам дека е несериозен пристап на самата Влада. Во иднина ќе се сносат поселдиците, од сите нас.

Не сакав да земам збор, бидејки ќе се сфатеше дека опозицијата или СДС застанува зад сето ова. Ова не е, најмалку што треба да биде е политизирање или собирање политички поени од некој ваков чин. Ама, бидејки по втор пат се случува тоа, да ми биде чиста совеста, јас морам ова да го кажам. Само заради својата совест. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министре за образование и наука, а мислам дека недостасува, онака како што во членот сте напишале, а не знам зошто “одговорниот за образованието”, а тоа е идејниот творец или соучесник во ова, тоа е вице премиерот одговорен за образование, земјоделие и ред други работи. И, поискрено ќе беше и од него да биде присутен овде. Јас не знам дали вод руги закони така пишува, веројатно дека е одговорен министер, одговорниот министер за образование, а не министерот за образование што знаеме дека сте вие.

Втора работа, на прес конференцијата после Одлуката на Владата, ја држеше потпретседателот на Владата, реков, одговорен за образование и земјоделие, веројатно сме единствени во светот со тоа што имаме таков човек кој покрива такво нешто, кој најави на прес конференцијата “Факултет за бизнис администрација и менаџмент во информатичката технологија во Битола” и не одговори на прашањето колку тоа ќе го чини. Одговори колку ќе чини Универзитетот во Штип.

За жал, овој денешен Предлог што го имаме на маса е доказ дека во оваа област лутаме и дека и покрај тоа што има јасни, видливи, напишани стратегии, лутаме во тој наплив на популизам, бидејки зборот компјутери ни звучи модерно и ни звучи техно. И, секогаш, не ќе постои човек кој нема да каже не за компјутерите, не за учењето, не за образованието поврзано со кумпјутери. И пратеничката група на СДС ќе каже да за овој проект. Но и ќе укаже на некои работи.

Реков, овој закон е доказ дкеа лутаме со Стратегијата во високото образование, реагираме ад хок или, она што мене ме плаши, а го реков на оваа говорница пред месец дена дека некој во Владата мисли дека универзитетите може да ги подели попартиска одговорност.

Вие, господине министре, согласно презимето повеќе, а не согласно урегенциите, влеговте во Универзитетот во Тетово и таму направивте една смена. Сега, бидејки деновиве бевме во Битола, нема човек кој на Широк Сокак не ме застана да ми каже дека ова е проект на НСДП. И, тоа е лошо. Не сакам Универзитетот “Свети Кирил и

Методиј" да дојде во рацете на ВМРО-ДПМНЕ. И, за тоа ќе се борам.

А, овој закон е и потврда дека европската агенда не е во приоритетите на оваа Влада или ги прави толку невешто што, да бидам, да го изберам најдобриот збор, испаѓаме смеќни и конфузни. Значи, ова е Предлог национална програма за усвојување на правото на ЕУ од март 2007 година што господинот Тито Петковски, како претседател некни ја разгледуваше на Комисијата. Ова е патот што Владата вели "на овој начин ќе се оди со Македонија напред".

Ова ги дефинир аправците, ова ги дефинира насоките како Република Македонија ќе се развива. И, во оваа Национална програма пишува се. За финансии, за царина, за високото образование. Тука, во оваа програма Владата, не некој друг, Владата како предлагач, на страница 40 напишала, во Идни активнсоти во делот за поттикнување на континуирани инвестиции во човеков капитал преку обезбедување релевантна мрежа за јавно и приватно образование. Напишала "донесување Закон за основање Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип, како и  Закон за основање факултет за јавна администрација и дипломатија во состав на Универзитетот "Свети Климент Охридскиќ-Битола. Со овој закон ќе се овозможи полесен пристап до високо образование.

Значи, Владата усвоила во својата Нациоанлна програма Одлука, го дала во Собрание, го пратила во Брисел ова дека во делот на високото образование ќе основа факултет за јван аадминистрација и дипломатија во состав на Универзитетот "Свети Климент Охридски"-Битола.

Затоа бараме одговори: ова ќе биде друг факултет или ова ќе биде овој факултет? Или, неможноста во кохабитација да ги решите амбасадорските места, со компјутер ќе ја водиме дипломатската борба? Мислам дека и вие, но повеќе вицепремиерот Јанкуловски е должен овде да дојде и да одговори на овие прашања.

Госпоѓа Коневска одговара денеска во Брисел одговара на тешките прашања. Но, овде, во Собранието сме како пратеници зачудени зошто нешто што Владата го усвоила го пратила во Брисел, го пратила на сите места, не сака да го спроведува? Зошто господинот Петковски гласал за ова, а неговиот партиски колега, претседател на огранокот во Битола си прави друг факултет? Некој треба да им го објасни тоа на граѓаните на Битола, пред се. Таму, децата се во хаос. Учат едни индердисциплинарни студии, што според членот 8 ќе треба да продолжат да ги учат, каде што само факултативно можеле да учат информатика. И сега треба да преjдат на факултат кој што, само да бидам по прецизен да не згрешам на 23 март и на прес конференцијата на вицепремиерот Јанкуловски се викаше-менаџмент, јавна администрација и менаџмент во информатичката технологија, а сега се вика-бизнис администрација и менаџмент во информациската технологија.

Јас мислам дека многу пати сум елаборирал тоа, уз пат да кажам. Информациското општество се базира на информации. Кога ќе закачите едно писмо на гулаб и кога тоа ќе отиде на друго место тоа е информациско.

Кога ќе ај користите технологијата, тоа е информатичко општество. И, подобро ќе беше да не го видоизмените тој дел, да остане инфорамтичка технологија, бидејки ова Собрание, едногласно има донесено Стратегија за развој на информатичкото општество. Кога тоа се базира на технологија се вика информатичко. Кога ќе се базира на гулаби, кога ќе фрлате со хартија и податоци, тоа може да се вика информациско.

Следна работа, 4 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, кои нема да ги спомнам бидјеки знам не им е лесно ова што се случува, не сакам да ме сфатат дека го злоупотребувам, ќе го читам нивното образложение во аргументација моја што ја користам денеска. Предлагаат амандмани каде што велат:

"Предложените амандмански измени се базираат на формално-правните аспекти и постапки поврзани со основање државна високообразовна установа, согласно Законот за високо образование.

Владата на Република Македонија, согласно членовите 38, 39, 40 и 41 од истиот Закон до Одборот за акредитација, во ноември 2006 година доставила Предлог за основање на државен факултет за јавна администрација, во состав на Универзитетот "Свети Климент Охридски"-Битола.

Одборот за акредитација, на 23 јануари 2007 година донел мислење за Проектот за основање државен факултет за јавна админситрација, при што мислењето е позитивно, како во однос на отворањето на овој факултет, так аи во однос на предложената студиска Програма за јавна администрација.

Од тие причини, бидејки нема мислење од Одборот за акредитација за основање на факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, го предлагаме овој амандман".

Овој амандман, веројатно, пратениците од Битола и Прилеп го доставиле врз база на писмото што сме го добиле сит ение, како пратеници и од Техничкиот факултет од Битола и од Економскиот факултет во Прилеп. И тие и ние и сите ние тука велиме сосема е природно Темпус проектот, што бил интердисциплинарни студии по јавна админситрација да отиде еден чекор напред, да се формира во факултет за јавна админситрација. Дали Владата мислела дека е тоа јавна администрација и диполматија и го напишала во Програма, Националната програма, тоа е една работа.

Дали мислела дека треба јавна администрација и компјутери, тоа може мислела, ама не го напишала ниту во Програмата, ниту го дала тоа како Предлог до Одборот за акредитација, за да дојдеме до реално решение дали имаме можности, услови и програма врз база на која што тоа ќе се одвива.

Затоа, единствената разлика меѓу, реков, освен името меѓу претходниот Закон на 23 март и овој сега што го гледаме, на 5 април, кога дојде, е само во членот 8, каде што постојните студии и интердисциплинарни за јавна администрација ќе продолжат, ама без разлика што тие не учеле ниту еднаш, освен 1 + 1 факултативно информатика, сега ќе ги нарпавиме, ќе ги воведеме во инфорамтичките води.

Понатаму, има некои проблематични прашања што се јавуваат. Мислам клучното прашање поврзано со членот 8 - каков профил ќе произведе овој факултат?

Очигледно, на Брисел ќе му кажеме дека ќе произведе профил јавна администрација и дипломатија и во Брисел можеби ќе добие и позитивна оценка госпоѓа Коневска денеска за ова Национална програма, бидејќи велат во ред, треба професионални дипломати, треба поголемо учество и квалитетни луѓе на јавната админситрација, а не да ги менуваме како ќе ни стигне, ама во Македонија, бидјеки е тоа многу техно, ќе го направиме за информациска технологија, што нема врска со информатичката технологија.

Зошто, затоа што така ни изгледа, реков и техно и попопулистички и тоа ќе привлече повеќе гласачи. За компјутерите нема кој да се буни. Ама, дали некој деца ќе бидат заложници на тоа, дали некои родители ќе бидат за тоа, одете вие во Битола, ние вистинскиот одговор, овој викенд на Широк Сокак го немавме. Обврска е ваша да отидете, бидејки вицепремиерот чиј проект го тера со ректорката, не се појавува таму. Дури ни таму каде треба, да не се меша во меѓупартиски работи.

Сега, доаѓаме до уште еден проблематичен дел, начна за тоа и господинот Тале Герамитчиоски.

Недозволиво е господине министре, зборувам навистина, сфатете ме како пратеник, од опозиција, но сепак кој сака да личат работите како што треба. Образложението дали го прочитавте? Образложението е направено од тројца луѓе со 4 различно фонтови, во кои што два пасоси се повторуваат. Во тоа копирање контрол-Ц, контрол-В што го правел некој од службиве има два пасоси исти. Тоа нема никаква логика. Не оддава впечаток на доверба кога ќе дадете некој предлог што треба да биде издржан, што треба да личи на нешто.

Понатаму, оној дел што е вметнат со друг фонт, ако е земен од некаде за да даде впечаток за информациското општество, иако се мешаат доста поими, е лошо преведен, е конфузен и во поголема мера неточен.

"Реструктуирањето на економската база" е лош превод, што треба да значи влез во економијата базирано на знаење и тоа не е иста работа.

Понатаму "Развојот на информациското општество е во контекст на Европа-Акциониот план". Буквално преведено малку поинаку се вика. "Како и 2010 Информациската стратегија на Европската унија". Не. 2010 Информациската стратегија зборува за нешто друго. Ова што ние се трудиме да го примениме е дадено во Европскиот планот 2005.

Понатаму вели "Формирањето на факултетот ќе овозможи образување н аквалитетен информатички кадар според европски критериуми и препораките на Европската унија". За жал, 90% од технологијата доаѓа од САД. Нема логика, кога зборувате за компјутери да го употребите ова. Се што е добро воглавном смислено во информатичката технологија, за жал или за среќа, се е исто, не е битно, придонеле во развојот на светот, дошло од САД. Нема логика ова да стои во образложението.

"Информатички кадар по препораки". Има многу стандарди, стандардизирани светски организации кои пропишуваат како изгледа еден коликорум за инфорамтички кадар. Ги имате како референца во Националната стратегија за информатичко општество што ова Собрание едногласно го има усвоено. Апсолутно, во таа заложба Европа, Европа, пишуваме работи што апсолутно немаат врска. Ние треба европски да се однесуваме, а не да ја користиме каде треба и каде не треба.

Следна работа, се повикувате на едно истражување на МАСИТ и давате заклучоци за кои што сакам да ги информирам пратениците, но не се заклучоци што ги напишале тие, туку некој ги извлекол. Знам бидјеки присуствував на презентацијата. Ова е извлечено по свое наоѓање на Министерството не за образование, туку задолжено некое што е за образование. Бидејки таму не може да напишат дека во иднина најпобарувани вештини од страна на работодавачите ќе бидат програмирањето во Јава, тоа е во ред, па во ОРАКЛЕ, па во заграда е дадено - дизајн на бази на податоци.

Вие, овој законски проект, кога ќе помине, го има и на веб страната, го читаат луѓе, го чита ИТ фелата, ние велиме дека сакаме да одиме во тој правец, да одиме во информатичкото општество, но ова е толку лошо напишано, што навистина создава еден впечаток дека само ги употребуваме термините без да знаеме што значат.

Потоа, кога зборувате за отворање на факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, зборувате за менаџирање во оваа област и вели - задоволување на потребите, производство на софтвер за извоз и аутсорсинг. Па, овие од јавната администрација ќе се вклучат во процесот на производствона софтверски решенија, ќе научат C/C + +, системска анализа и

дизајн, софтверско инженерство, дизајнирање и поставување на бази на податоци, Јава програмски јазик, објект на системска анализа и дизајн, управување со информациски системи и оперативни системи, мрежи, не кажува какви мрежи, менаџирање со инфорамции и друго.

Сите универзитети што постојат во светот да ги соберете, во три години не можете да ги соберете овие предмети да научат. Значи, сите ќе го поддржат отворањето на факултет, ама кој треба да биде реален, кој не треба да ги пишува предметите само дека убаво звучат. Ние сеуште го немаме одговорот на она во Универзитетот во Штип во кој правец ќе одат наставните програми, како ќе се апсорбира наставниот кадар, од каде ќе дојде, како ќе се предава, а сега влегуваме во една нова варијанта. Значи, јас знам дека и Електротехничкиот факултет со двете посебни насоки што се за компјутерска техника, за компјутерски науки што се изучуваат на Природно-математичкиот факултет се недоволни за производството на кадар. Факултетот во Штип е шанса. Ова исто така, треба да биде шанса, но не треба да биде замка во која што ќе влезат и студентите и родителите и ќе влеземе во една апсолутна неизвесност само со користење на терминологија која што ни се допаѓа и која што, еве, реков, ни изгледа модерно и ни изгледа техно. Велиме, во наставата ќе се вклучат стручни работници од постојните универзитети, тој одговор не го добивме, како и визитинг професори од универзитетите во странство. Како државен универзитет ова ќе чини пари, а во вашето образложение велите, за ова не се предвидени финансиски средства. За Штип ја имате проекцијата 920 илјади евра е Универзитетот во Штип. Ова ќе чини. Моментално интердисциплинарните студии од Темпус проектот за јавна администрација користат и услуги од професори од другите универзитети кои се плаќаат со кофинансирање од страна на партиципација на студентите. Тука го немаме прашањето, како и на кој начин ќе биде овој проект одржлив. Или пак како што вели во член 5, факултетот ќе почне да работи од учебната 2007/2008 година по завршувањето на постапката водена од матичната комисија. Значи, матичната комисија има толку време да направи анализа за да овој мора да почне од 2007/2008 година. Значи, тој не треба да направи стручна анализа, туку има рок кога таа работа да заврши. Тоа за Универзитетот во Штип го немавте, да ве потсетам. Затоа министре за образование, а не министре надлежен за работите на високо образование, како што пишува во законот, мислам дека стануваме заложници на профилирање на партиски интереси во една чиста автономна сфера како што е Универзитетот во која што заложници ќе бидат и студентите и родителите, но секогаш сум бил и за компјутерите и за образованието, така што ќе имате многу прашања во иднина. Во овој момент пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон. Но, уште еднаш да потсетиме, друго пишувате во Националната програма што сте ја пратиле во Брисел, друго се дискутираше на Комисијата за европски прашања, друго беше предложено на 23 март, ссега имаме нова варијанта. Со ова не се согласуваат ниту Техничкиот факултет во Битола, ниту Економскиот факултет во Прилеп. Имате многу дилеми и прашања на кои што ќе треба да одговорите, а најмногу тие што се најодговорни, а не се тука, да отидат и во родниот град да им објаснат и да им дадат одговор на сите овие прашња.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за основање на факултет за администрација и менаџмент на информациски системи во состав на Универзитетот “Св.Климент Охридски” - Битола.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 65 пратеници гласаа 62, сите 62 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Оливе Деркоски, Панче Дамески, Катерина Димеска и Анета Стефановска, поднесоа амандмани за менување на член 1 и на член 3 за менување на став 1 и сите ги повлекоа.

Пратениците Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски и Јане Макрадули поднесоа амандмани за менување на член 1, член 3 за менување на став 1 и на член 6 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер искрено се надевав, можеби нереално дека можеби ќе може да се поправи работата. Тоа многу кратко траеше, можеби една секунда. Очигледно е дека штетата ќе биде направена. Ние не сакаме да учествуваме во ваква штета која што долготрајно со своите последици ќе се почувствува на Универзитетот “Климент Охридски” во Битола. Преку амандманот, значи за јавноста, бараме членот 1 да се менува и да гласи: “Се основа факултет за јавна администрација во состав на Универзитетот “Св.Климент Охридски”-Битола, во натамошниот текст Факултет”. Јасно и недвосмислено ставаме на знаење дека сме за основање на нов факултет на Универзитетот “Св.Климент Охридски”, но со назив онака како што логично треба да се претпостави и како што во членот 8 се повикува овој закон, дека всушност е продолжение на интердисциплинарните студии по јавна администрација кои што се започнати од 2002 година. Значи, недвосмислено јасно и прецизно се искажан нашиот став. Доколку не се усвои овој амандман, јас знам дека голем дел на пратеници од позицијата се прекршуваат во себе. Знам дека ќе гласаат против и покрај својата волја, бидејќи тоа е коалицискиот договор, тоа е дилот кој што е направен. Последиците ќе си ги сносат пред се личностите кои што ја започнаа оваа идеја. Верувајте дека реакцијата ќе биде огромна. Ние одговараме со својата свест и совест пред јавноста и не може без разлика на нашите лични амбиции и апетити да се уништуваат традиции и реномеа на институции градени макотрпно не само од поединци, туку од генерации вградени во тие институции. Одговорноста е ваша.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, јас би сакала само накратко да дадам поддршка на овој амандман. Не се вклучив во дискусијата по Предлогот на законот токму поради тоа да не се повторувам со колегата Тале Герамитчиоски, поготово што сметам дека тој е повеќе стручен и компетентен да говори на оваа проблематика. Иако во голема мера ги прифаќам неговите ставови. Но да бидеме конструктивни и да ја завршиме оваа дебата, дотолку повеќе што нема пратеник во ова Собрание што не даде поддршка и не се согласува кога се работи за основање на нови факултети и кога се работи за закони кои што очекуваме дека ќе имаат позитивно влијание врз образовните процеси во Република Македонија, во овој случај високообразовниот процес. Јас дадов поддршка на законот, меѓутоа почитувани колеги очекувам дека ќе го прифатите овој амандман и со тоа навистина ќе можеме да донесеме еден закон кој што не би бил само на општо задоволство на најголемиот број на пратеници тука присутни во салата. Кога го говорам ова мислам и на пратениците поготово од ВМРО-ДПМНЕ, со оглед на тоа дека и една група на пратеници од ВМРО-ДПМНЕ имаше ваков амандман кој што е скоро идентичен со амандманот на почитуваните колеги и токму поради тоа јас не дадов амандман во оваа насока, иако го поддржувам ова мислење. Затоа што мислејќи ако имаме амандмани и од парламентарното мнозинство и тоа од четири пратеници и пратениците од опозицијата, дека овој пат ќе успеевме да се најдеме некаде и да можеме да го изгласаме амандманот, затоа што навистина не се работи за некое однесување само да се оди против предлогот на Владата, туку овој амандман е апсолутно логичен след на нештата. Дотолку повеќе, реков дека нема да се повторувам, но сепак, ќе морам да кажам дека ако се почитува и респектира мислењето, а јас го ценам и почитувам мислењето на Одборот за акредитација од 2007 година кој што дава позитивно мислење за основање на факултет за јавна администрација и со тоа што проектот кој што беше за студиите за јавна администрација логично би прераснал од она што сега беше проект во факултет. И тоа би било навистина најдоброто решение како за сите оние кои што студираа на овој факултет, така и за потребите кои што ги има Република Македонија во оваа насока. Поготово што овој Одбор за акредитација многу позитивно се изрази и за програмата, студиската програма која што ја имаше факултетот за јавна администрација. Мислам дека од друга страна ние во овој момент како што беше кажано од говорницата и немавме некои посеопфатни анализи доставени како од страна на Министерството, така и од Одборот за акредитација за овој факултет што сега ни се нуди за администрација и менаџмент на информациски системи. И токму поради тоа мислам дека овој пат и почитуваните колеги од опозицијата ќе дадат поддршка на амандманот и законодавниот дом со изгласување на овој амандман ќе добие една поинаква функција од онаа што ја има сега и ја има години station наназад некогаш и ние пратениците размислувајќи логично и секако во насока за подобрување на законите што всушност е и пратеничката функција, а не да бидеме исклучиво, значи зборувам за пратениците од парламентарното мнозинство, послушници на владината и почитувачи исклучиво на владината политика, без разлика што и Владата во одредени сегменти, не велам тежок збор, може да направи грешка, но може да не предвиди некои решенија кои што би биле многу писправни и со имплементација на таквиот закон би се постигнало многу подобро, во случајов поквалитетно обрзование, односно би се почитувал и ставот на Одборот за акредитација. Во оваа насока мислам дека пратениците од парламентарното мнозинство иако голем дел од нив гледам дека не се заинтересирани, а говориме за нешто многу сериозно како што е високото образование, барем оние што ја познаваат оваа проблематика и увиделе дека е подобра кога веќе го усвојуваме овој закон, овој амандман во голема мера ќе го исправи пропустот кој е направен, дека ќе дадат

поддршка и ќе го изгласаме амандманот. Не се работи за нешто што би можело да го наруши, значи да оди на штета на концептот, напротив во голема мера може да допринесе за подобрување на концептот на законот за основање на факултет, кој што би бил овој пат, како што рековме и во согласност со мислењето на Одборот за акредитација и во согласност со потребите кои што пред се ги има Република Македонија за кадри од областа на јавната администрација и би претствувало континуитет на едно веќе започнато образование кое што во овој случај би се подигнало на степен на факултет.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Јани Макрадули.

Во делот на општиот претрес се обидов министерот да го убедам сега да направам обид да ги убедам пратениците да го прифатат амандманот поднесен од колешката Весна Бендевска, колегата Тале Герамитчиоски и јас, како артикулирање на барањето што е од Техничкиот факултет во Битола, и Економскиот факултет од Прилеп, доставени до премиерот на Владата на Република Македонија и до нас пратениците, реков и од загриженоста од многу граѓани овој викенд, бидејќи имавме некои партиски активности таму. Во секојдневните контакти, поставија многу прашања, но за жал, одговорите од оние што се најодговорни за оваа работа не се добиваат, а и не се ни појавуваат.

Уште еднаш, сосема накратко, без да одолговлекувам многу, Владата во март 2007 година во Нацоналната програма за усвојување на правото за Европска унија, кој што е документ во кој што се претставува и се дава тековната состојба во сите поглавја и се даваат клучните приоритети и задачи на легислативно, институционално ниво на краток рок, тоа е 2007 и среден рок 2008 и 2010 година во кој што постои документ кој што е под постојан мониторинг на Европската комисија и е дел од изворите врз база на кои што Европската комисија го пишува својот извештај, реков сосема природно Владата напишала, како што било нормално еден факултет за интердисциплинарни студии по јавна администрација да прерасне во факултет, кој што мора тоа да го направи со закон и тоа го ветила и на Владата со Одлука и во Брисел ветила дека ќе основа факултет за јавна администрација и дипломатија во состав на универзитетот Св. Климент Охридски Битола, веројатно од причина што во овој момент согласно законот за надворешни работи имаме недостаток на кадри, кои што се во Министерството ја обавуваат професионално функцијата амбасадорска и тн., и затоа, во Брисел како проект за 2007 година го напишале дека ќе формираат факултет за јавна администрација и дипломатија во делот на високото образование.

Првата дилема е кога ќе почнат да го пишуваат извештајот за Македонија, кој што знаеме претрпе сериозни критики во септември 2006 година, како ќе напишат по ова прашање. Очекуваме да напишат позитивно? Или ќе речат дека сме прилично наивни и несериозни дека можеме да им ја продадеме приказната дека во Брисел правиме еден факултет, а во Македонија правиме друг. Или мислите дека цела Битола не зборува дека ова е проект на НСДП. Или за жал, тој што е најодговорен, овде што требаше да се појави, а не господинот Сулејман Рушити да гледа во хартиите и да се најде во небрано. За жал, заложници ќе бидат и родителите чии деца студираат и студентите и се руши еден одржлив систем што постои на техничкиот факултет во Ботола и на економскиот факултет во Прилеп. Владата на Република Македонија, или државата кога сака да финансира факултет, тој мора да води сметка дали во тој град има некои слични програми, дали постои таков факултет или ќе правиме зграда до зграда со два исти факултета во две различни згради, затоа што на ректорката и истекува мандатот. Кога беше законот за Универзитетот Гоце Делчев во Штип и природно пишуваше дека студенти, податоци гравитираат во тој регион, нема универзитет, па од тој дел ќе се бара кадарот. Сето тоа држи, сето тоа можеме да го разговараме и да го поддржиме. Сега сме доведени во ситуација да зборуваме про или контра образование или про или контра компјутери за факултетски области и студиски програми што постојат таму. Во Техничкиот факултет во Битола и во Економскиот факултет во Прилеп има сериозни предмети од оваа област. Да не бидам погрешно сфатен не зборувам за програмите што си ги тераат. Зборувам за делот на областа менаџмент во информациските системи, оние што се поврзани со јавната администрација. За тоа зборувам. Значи, двете институции во овој момент одржуваат два проекта. Едниот менаџмент и бизнис во компјутерски студии МАБЕКС и еден бизнис и информациски технологии на Унвиерзитетот во Битола БИБИТА, кои што се финансирани согласно студиски програми од Универзитетот Сауденк од Лондон. Значи, кога се прави еден проект врз влезните параметри, кажав дали е тој систем одржлив. Една од причините тој систем да биде одржлив и да има ресурси, ова е од аспект на студенти и ресурси од аспект на професори кои што можат да го тераат овој проект. Сега од еднаш, ние ќе го растуриме тоа што факултетите вложувале во ова. Сите напори што ги правеле двете институции и Економскиот факултет во Прилеп и Техничкиот факултет во Битола ќе ги ставиме на маргините и ќе влеземе во една проекција дека од 2007 до 2007 септември или октомври ќе започнеме со факултет кој што треба да произведува, како што вели софтвер и да го менаџира истиот од 40 различни области од информатичката технологија. Нема да го читам образложението, еднаш го кажав, Одборот за акредитација дал мислење за еден тип на факултети. И факултетот за јавната администрација е факултет кој што нашиот амандман вели дека треба да се основа факултет за јавна администрација во состав на

Универзитетот Свети Климент Охридски во Битола. И овој амандман се однесува на тоа. Да им дадеме шанса на интердисциплинарните студии, некој проект што е темпус проект, кога ќе се заврши тој проект, кога ќе треба да покажеме оддржливост или кои се бенефитите од тој проект, ние ќе кажеме џабе отидовме, ние ќе учиме друго. Џабе е темпус проектот што Европска унија вложувала во нас, затоа што ние сме сметале дека ќе најдеме поприфатлив поим ќе учиме за компјутери, бидејќи народот е многу техно и сака за тоа да зборува. Без разлика што во сите години на студиските програми за интердисциплинарни студии, освен во првата факултативна информатика се учи еден плус еден, а се учат, локална самоуправа, управно право, меѓународни односи Европска унија институции и политики, административни процедури, јавна и државна администрација, применета политика, службенички систем, управно процесно право, сето тоа ќе го прераснеме во компојутерски мрежи, оперативни системи, дизајн на бази на податоци, технологии, практично, ќе покажеме дека некој не припремал за јавна администрација, врз база на тоа сме го добиле проектот, ама ние ќе направиме факултет за јавна администрација и за пилоти на вселенското летало Колумбија, за што му се бендисало на Живко Јанкуловски, Колумбија како лета убаво, па знае да слета без многу ракети и ќе си направи таков факултет. Зошто? Затоа што по некоја случајност е потпретседател на Владата, одговорен за образование и земјоделие. Едно јагне во Катар не може да продаде, а тука ќе прави факултет, затоа што каша попара ќе настане во Битола. Па ви се молам, затоа апелирам, без разлика предлогот што доаѓа од мене, пратениците од парламентарното мнозинство да ми веруваат дека сум во право, да и веруваат на Владата кога во март 2007 година го напишала ова и го пратила во Брисел, да и веруваат на Владаа што го избрала, да веруваат на Комисијата за Европски прашања што го предложила и што ја гласала оваа Национална програма за усвојување на правото на Европска унија и да не влеземе во една авантура во која што брзо ќе треба да правиме измени на некои законски проекти, па непотребно тука ни крив ни должен, одговорност да бараме од министерот Рушити. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласаа вкупно 56, за гласаа 11, воздржан еден пратеник, 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Овој амандман е поврзан со првиот амандман. Мислев дека идниот професор на факултетот за јавна администрација и менаџмент за информациски системи, пратеничката од НСДП, доколку и ја нострифицираат дипломата, ќе дојде да го брани, но бидејќи ја нема, ќе го повлечеме овој амандман.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесенод пратениците Весна Бендевска, Тале Герамитчоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

За јавноста да биде појасно и за колегите пратеници од мнозинството во чии што раце е одлуката се разбира, во член 6 став 2, зборовите: “надлежен за работите на високото образование”, се заменуваат со зборовите: “за образование и наука”. Значи, ако некој повлекува потези, тоа да биде министерот за образование и наука. Мене ми е совршено јасно каков е правниот вокабулар, ама оде во Република Македонија во последно време се извртеа работите. Сега има надлежен за образование и друг, а тоа е министерот за образование и наука. Така што се наоѓаме во една ситуација да мора да интервенираме во закон во кој што треба да прецизираме дека оној кој што по закон за Влада има надлежност во Секторот образование и наука, мора и со закон да му се доверуваат задачите, обврските и надлежностите. Значи, овде во членот 6 стои:”членовите на матичната комисија ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование”. Ќе дојдеме во ситуација Живко Јанкуловски сега да направи матична комисија? И повторно веќе и физички да дојде до протест на универзитетските работници? Ако

веќе некој треба тоа да го направи, она кое што во согласност со законот е дадено во надлежност, тоа нека го направи министерот за образование и наука. Затоа, овој амандман треба да се прифати.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски. Има реплика министерот за обазование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Всушност само едно дообјаснување. Значи, членот 6 од основачкиот акт се заснива врз членот 46 на постоечкиот закон за високо образование а кој гласи, нема целосно да го прочитам, само дел. "Ако се утврди дека се вработени најмалку пет наставници со наставно научни звања и пет соработници во работен однос со полно работно време, заснован согласно овој закон и ако се исполнети другите услови утврдени со решението за акредитација, министерот надлежен за работите на високото образование, донесува решение за почеток со работа на високо образовната установа и членот 44, матичната комисија ја сочинуваат седум члена со наставно научни звања во научната област, односно уметничката област и тн."

Значи, актот е согласно постоечката одредба од постоечкиот закон за високо образование, каде што, уште еднаш ќе повторам, стои министерот надлежен за работата на високото образование.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

За контра реплика од една минута се јави господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Гоаподин министер така е како што прочитавте. Но за жал во практиката имаме сега дуализам. Значи имаме и друг човек кој што работи во сверата на образованието и науката, а Законот за високо образование кога се предлагал и кога се изгласувал, немало таква ситуација. Затоа можеби треба да интервенираме кога ќе дојде новиот закон за високо образование да потенцираме дека вие сте како министер надлежен навистина, за работите и тоа да го подвлечеме со жолто, за да се знае.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Во поддршка на овој амандман и самиот Предлог на закон што се го доставиле до нас како предлагач се јавувате вие. Значи претставници на овој закон се господинот Сулејман Рушити и господинот Јован Лазаров. Не пишува тука за вистинскиот творец на ова и затоа се плашам господине министре дека ќе влезите во одговорност за нешто што ниту е ваше дело, ниту е логично за одредена проблематика од високото образование одговорен да биде вицепремиерот одговорен за образование, земјоделие и неуспешна продажба на јагниња. Не можете вие да избегате од одговорноста кога ќе дојде на тема ова. Вие сте единствен претставник и единствен предлагач овде во овој момент на новиот закон за бизнис, администрација и менаџмент во информациските системи и технологии. Бидејќи често ги менувате законите односно често го менувате насловот, човек може да се збуни.

Мислам дека не можете да избегате од одговорноста кога целата оваа работа ќе влезе во еден ќор сокак, кога непотребно наместо во Битола да отвориме некој друг факултет, па ако има потреба за информатичка технологија да отвориме во Струмица, да ги развиваме регионите, па на Универзитетот во Тетово да видиме кои програми се учат. Ние сосема непотребно во еден близок регион меѓу Битола и Прилеп, каде што егзистираат две институции и во Охрид каде што дел од администрацијата се учи, влегуваме непотребно во една авантура и матичната комисија му ја даваме да ја избере. Одговорите господине министре вие ќе ја бирате, или ќе ја бира идејниот скриен творец на овој проект. За жал, мислам дека нема бегање од одговорноста. Овој амандман е апсолутно, од една усогласеност со Законот за органите на државната управа, е од аспект на допорецизирње и усогласување, можеби на прв поглед, но е суштински во лоцирање на одговорноста за оваа немпотребна авантура и упад во нормалните текови на универзитетите, посебно на Техничкиот факултет во Битола и Економскиот факултет во Прилеп. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучуам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеника.

Јас би ги повикал службите да го достават точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеника. Од нив гласаа 59, за гласаа 12, воздржано 1, против гласаа 46 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со пртрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за образование,

Иако знам дека веќе трпението можеби ви е на крај, но сепак би сакала сосема на кратко да го искажам својот став и сакам на самиот почеток да кажам дека дадов поддршка за Предлогот за донесување закон за основање на Факултет за администрација и менаџмент во информацискиот систем во состав на Универзитетот во Битола, но тогаш ја дадов поддршката затоа што очекував дека ќе биде усвоен амандманот од колегите кои го имаа дадено во насока за менување на самиот

наслов и наместо Факултет за менаџмент и администрација би бил за јавна администрација, дотолку повеќе што ваков амандман имаа поднесено и пратениците од парламентарното мнозинство и пратениците од опозицијата. За жал, голем број од пратениците и оние што имаат поднесено амандман најверојатно успеаа да ги разубедат, дури и не дадоа поддршка на овој амандман, не само што го повлекоа нивниот амандман и јас сега не можам да гласам и да дадам поддршка на овој закон. Зошто нема да дадам поддршка? Затоа што не можам да се согласам со тоа, не дека сум против високото образование, реков дека секоја иницијатива која што доаѓа во насока за подобрување на квалитетот и на образованието, особено на високото, отворањето на универзитетите, јас ја поддржувам и поздравувам.

Во овој случај, почитувани колеги, навистина сакам да го почитувам мислењето на Одборот за акредитација, кое го даде во 2007 година, каде што стои дека дава поддршка и на Програмата и на основањето на Факултетот за јавна администрација, што е и логичен сплет на нештата затоа што ваква Програма постоеше и дотолку повеќе што немаме мислење од Одборот за акредитација за еден ваков универзитет, а уште повеќе почитувани колеги пратеници, јас сакам да го почитувам мислењето на Економскиот факултет од Прилеп, но сега не би образложувала бидејќи доволно се говореше околу значењето и што значи ваков наслов отворање на Факултет, затоа што тоа е од суштинско значење и за Економскиот факултет од Прилеп, значи за да биде Факултетот за јавна администрација, а не вака како што е дефиниран и со оглед на тоа што доаѓам од тој град, овде не би сакала да ја отворам темата во каква ситуација од сите аспекти се наоѓа нашиот град, маргинализиран од сите аспекти па еве и од овој, не се почитува мислењето на Економскиот факултет, јас нема да дадам поддршка на овој закон. Всушност и пратеничката група односно пратениците кои сме тука од Либерално демократската партија ќе гласаме против донесувањето на законот токму поради тоа што не се почитуваше мислењето на Одборот за акредитација и Економскиот факултет од Прилеп. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 63 пратеници, 61 пратеник гласаше за, воздржани немаше, против гласаа 2 пратеници.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

На седницата присуствуваат 11 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив сите 11 пратеници гласаа за законот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи во состав на Универзитетот “Свети Климент Охридски” во Битола.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 39-та седница на Собранието на Република Македонија.

Според најавата, утре во 11,00 часот продолжуваме со 36-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата заврши во 17,20 часот)